# Меѓуетничките односи во Македонија

*Сашо Клековски*

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачите**
Александар Кржаловски, в.д. прв извршен директор
Димче Митрески, в.д. извршен директор

**Автор**
Сашо Клековски

**Подготовка и обработка на податоци**
Даниела Стојанова

**јуни, 2011 г.**

ISBN 978-608-4617-34-1

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

**Македонски центар за меѓународна соработка**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ... **4**

**1. КВАЛИТЕТ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ** ... **5**
**Заклучоци** ... **8**

**2. ИСТОРИСКИ ОДНОСИ** ... **9**
Подредена положба на етничките заедници пред 2001 г. ... 9
Тежок период за немнозинските заедници ... 10
Период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став ... 12
Вооружениот конфликт од 2001 г. ... 13
Простување и одмазда ... 14
**Заклучоци** ... **15**

**3. СТРАВОВИ, ПРЕДРАСУДИ И СТЕРЕОТИПИ** ... **17**
Стравови и предрасуди ... 17
Перцепции за ниво на постигнувања на немнозинските заедници ... 19
**Заклучоци** ... **20**

**4. ВЕРОЈАТНОСТ НА НАСИЛСТВО (РИЗИК ОД ЕТНИЧКО НАСИЛСТВО)** ... **22**
**Заклучок** ... **23**

**5. СВЕСНОСТ ЗА КУЛТУРАТА И СПОДЕЛЕНА ГОРДОСТ** ... **24**
Познавање и почит на културите ... 24
Заеднички вредности ... 26
**Заклучоци** ... **27**

**6. СОЦИЈАЛНА БЛИЗИНА И ХОРИЗОНТАЛНА ПОВРЗАНОСТ** ... **29**
**6.1. Лично искуство и основни ставови** ... **29**
**6.2. Ефекти на институциите врз меѓуетничките односи** ... **30**
**6.3. Семејство** ... **32**
**6.4. Соседство** ... **32**
**6.5. Социјализација/контакти и комуникација** ... **34**
**6.6. Образование** ... **35**
**6.7. Медиуми** ... **38**
**6.8. Политички партии** ... **40**
**6.9. Граѓанско општество** ... **41**
**6.10. Работното место и приватен сектор** ... **42**
**Заклучоци** ... **44**

**Прилог. Структура на примерокот** ... **48**

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од истражувањето „Меѓуетничките односи во Република Македонија“, спроведено за прв пат од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Сепак, МЦМС од различни аспекти ги истражуваше меѓуетничките односи преку неколку претходни истражувања: Цело е кога има сè (2001); Страници за меѓусебно разбирање (2005); Довербата во Македонија (2006-2010); Барометар на еднакви можности (2009); Ситуациска анализа на меѓуетничките односи (2010); и, Дискриминација на етничка основа (2011).

## Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета во домаќинствата во мај 2011 г. на национален репрезентативен примерок од 2.087 испитаници и „он-лајн“ анкета со нерепрезентативен примерок од 24 информирани јавни личности во Република Македонија.

МЦМС му ја довери анкетата на јавното мислење на национален репрезентативен примерок, врз којашто се базира овој извештај, на Институтот за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

### Прашалник и примерок

Прашалникот беше подготвен врз основа на прашалниците од слични анкети на МЦМС, како и врз основа на глобалните истражувања за меѓуетничките односи.

Анкетата беше спроведена во мај 2011 г. на репрезентативен примерок од 2.087 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

Поради потребите на истражувањето, во рамките на секоја етничка група беа испитани 200 испитаници за да се постигне поголема релевантност на податоците. Исклучок од ова се македонската и албанската група, во кои се испитаа повеќе испитаници. Заради претставување на податоците на национално ниво, резултатите се врамнотежени според процентуалната застапеност на етничките групи земајќи го предвид пописот од 2002 г.

### Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка +/- 3 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Анкетата е направена со репрезентативен примерок и за помалобројните етнички заедници, така што во овој извештај се презентирани и коментирани и наодите по таа основа. Во графиконите, со термините „македонска“, „албанска“ итн. е означена етничката припадност на испитаниците.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

### Ограничување на методологијата

Истражувањето е извршено соодветно од аспект на методологијата.

Сепак вредно е да се споменат можните влијанија од околината и тоа посебни настани и вонредните парламентарни избори. Истражувањето се спроведе во период на негативно влијание врз меѓуетничките односи на проектите „Скопје 2014“ и „Кале“. Овие настани влијаеле во првата половина на 2011 г. и се оценети како настани со негативно влијание на меѓуетничките односи во анкета за Охридскиот рамковен договор, која се спроведуваше паралелно со ова истражување. Предвремените парламентарни избори се одржаа на 5 јуни 2011 г., и иако кампањата службено започна на 16 мај 2011 г., предизборната кампања течеше во периодот на вршење на теренската анкета. Вообичаено кампањите се етноцентрични. „Скопје 2014“, „Кале“ и предвремените парламентарни избори можеле негативно да влијаат на перцепциите на граѓаните за меѓуетничките односи.

# 1. КВАЛИТЕТ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Во воведниот дел на истражувањето на меѓуетничките односи, фокусот е на важноста на меѓуетничките односи – лично и за Македонија, квалитативната и квантативната оценка на меѓуетничките односи, како и ставовите за предрасуди и меѓуетничката доверба.

Големо мнозинство граѓани сметаат дека **меѓуетничките односи се важни и лично** (78,4 %) **и за Македонија** (86,3 %).

**Графикон 1.1. Важност на меѓуетничките односи лично и за Македонија**




Меѓуетничките односи се важни лично и за Македонија за големи мнозинства граѓани од сите етнички припадности.

**Табела 1.1. Важност на меѓуетничките односи по етничка припадност**

| | Македонска | Албанска | Турска | Ромска | Српска | Влашка | Бошњачка | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЛИЧНО** | | | | | | | | | |
| **Важни се** | 78,3 % | 76,1 % | 84,0 % | **91,8 %** | 79,4 % | 77,8 % | 86,3 % | 78,4 % | 96% |
| **Не се важни** | 20,3 % | **23,2 %** | 16,0 % | 8,2 % | 20,6 % | 21,7 % | 13,7 % | 20,5 % | 0% |
| **ЗА МАКЕДОНИЈА** | | | | | | | | | |
| **Важни се** | 88,5% | 79,2% | 89,5% | 90,6% | 90,7% | 89,9% | **94,3%** | 83,3 % | 96% |
| **Не се важни** | 10,9% | **20,1%** | 10,5% | 7,0% | 6,7% | 8,7% | 5,7% | 13,0 % | 4% |

Од друг агол погледната важноста на меѓуетничките односи, како прашање кое најмногу ги загрижува граѓаните, меѓуетничките односи ги загрижуваат 3,9 % од граѓаните и е шесто прашање по ранг по невработеноста, сиромаштијата, економијата (трите збирно се 77,7 %), корупцијата/ криминалот (9,5 %), влез во ЕУ/ НАТО (4,9 %).

Граѓаните имаат поделени оценки за карактерот на меѓуетничките односи.

**Графикон 1.2. Како би ги окарактеризирале меѓуетничките односи?**




Граѓаните најчесто го оценуваат меѓуетничките односи воздржани (33,2 %), 18,4 % ги сметаат за ривалски, 17,7 % за мирољубива коегзистенција, 16,9 % сметаат дека постои меѓуетничка соработка, а незначително малцинство од 9,4 % ги оценуваат односите како непријателски.

Нема побитни разлики по етничка основа.

Највисока перцепција за непријателски односи има во вардарскиот (18,5 %) и во полошкиот (18,2 %) регион, а највисока перцепција за соработка има во југозападниот (28,6 %) и во североисточниот (24,7 %) регион.

Јавните/ информираните личности ги оценуваат односите како воздржани (39 %), а потоа и како ривалски (22 %), мирољубива коегзистенција (22 %), непријателски (9 %) и соработка (9 %).

Граѓаните беа прашани за **оценка на меѓуетничките односи** сега, пред 2001 г. и за перспективата за 5 години.

**Графикон 1.3. Меѓуетничките односи**




(на скала од 1 до 5, каде 5 е највисока оценка)

Меѓуетничките односи денес се оценети со 2,8, пред 2001 г. со 2,7, а граѓаните очекуваат подобрување за 5 г. на 3,2.

Етничките Македонци еднакво ги оценуваат меѓуетничките односи денес и пред 2001 г. (2,9), а очекуваат напредок на 3,2 за 5 години. Етничките Срби и Власите меѓуетничките односи денес ги оценуваат полошо од пред 2001 г., а очекуваат подобрување за 5 години. Етничките Албанци, Турците, Бошњаците и Ромите, ги оценуваат меѓуетничките односи денес како подобри од пред 2001 г. и имаат позитивни очекувања за подобрување за 5 години.

**Табела 1.2. Меѓуетничките односи денес, пред 2001 и за пет години по етничка припадност (средна оценка на скала од 1 до 5, каде 5 е највисока оценка)**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Денес** | 2,9 | 2,4 | 2,8 | 3,0 | 2,8 | 2, 9 | 3,3 | **2,8** | **2,9** |
| **Пред 2001 г.** | 2,9 | 2,2 | 2,7 | 2,9 | 3,5 | 3,1 | 2,9 | **2,7** | **2,5** |
| **За пет години** | 3,2 | 3,0 | 3,4 | 3,5 | 2,9 | 3,2 | 3,8 | **3,2** | **3,4** |

Не постојат разлики во оценките на симпатизерите на политичките партии, односно оценките ги следат оценките по етничка припадност.

Постојат благи разлики по региони. Меѓуетничките односи денес се оценети најниско во полошкиот регион (2,4), со мало чувство на подобрување во однос пред 2001 г. и позитивна перцепција за подобрување за 5 години.

**Табела 1.3. Меѓуетничките односи денес, пред 2001 и за пет години по региони**

| | Скоп. | ЈИ | Ист. | СИ | Вард. | Југозап. | Полошки | Пелаг. | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Денес** | 2,8 | 3,1 | 2,9 | 3,0 | 2,9 | 2,5 | 2,4 | 2,8 | **2,8** |
| **Пред 2001 г.** | 2,8 | 3,0 | 3,0 | 2,8 | 3,0 | 2,4 | 2,3 | 2,7 | **2,7** |
| **За пет години** | 3,4 | 3,5 | 3,4 | 3,1 | 3,3 | 2,9 | 2,8 | 3,2 | **3,2** |

Битно влијание на меѓуетничките односи имаат предрасудите и довербата.

Истражувано е постоењето **предрасуди кон етничките заедници** (кон кои етнички заедници постојат предрасуди?).

**Графикон 1.4. Постоење предрасуди кон етничките заедници**




Најмногу граѓани (41,6 %) мислат дека постојат предрасуди за етничките Албанци. Потоа следуваат Ромите (24,2 %) и етничките Македонци (14,3 %).

8,4 % граѓани сметаат дека не постојат предрасуди.

Граѓаните од повеќето етнички припадности најчесто мислат дека постојат предрасуди за етничките Албанци, со исклучок на Ромите кои мислат дека најчесто предрасуди има кон нив самите и етничките Бошњаци кои најчесто сметаат дека не постојат предрасуди.

**Табела 1.4. Постоење предрасуди кон етничките заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **кон Македонци** | 9,6 % | 26,5 % | 16,3 % | 11,5 % | 2,5 % | 9,0 % | 20,7 % | 14,3 % | 6,5 % |
| **кон Албанци** | **44,9 %** | **36,9 %** | **24,9 %** | 26,0 % | **62,4 %** | **36,3 %** | 26,1 % | **41,6 %** | **43,5 %** |
| **кон Турци** | 3,1 % | 2,5 % | 12,1 % | 5,6 % | 0,8 % | 3,4 % | 0,7 % | 3,3 % | 6,5 % |
| **кон Роми** | 26,4 % | 18,7 % | 18,8 % | **37,7 %** | 19,0 % | 28,0 % | 12,3 % | 24,2 % | 37,5 % |
| **кон Власи** | 0,8 % | 1,5 % | 1,0 % | 0,3 % | 0,4 % | 14,0 % | 0,4 % | 1,1 % | 2 % |
| **кон Срби** | 1,2 % | 6,9 % | 3,5 % | 6,4 % | 3,8 % | 0,6 % | 2,2 % | 3,0 % | 2 % |
| **кон Бошњаци** | 1,5 % | 0,2 % | 0,0 % | 1,4 % | 0,8 % | 2,5 % | 0,4 % | 1,1 % | 0 % |
| **кон други** | 0,6 % | 0,0 % | 0,3 % | 0,6 % | 1,7 % | 0,3 % | 0,4 % | 0,5 % | 2 % |
| **не постојат предрасуди** | 8,9 % | 4,9 % | 20,1 % | 9,5 % | 5,5 % | 4,3 % | **30,8 %** | 8,4 % | 0 % |
| **НЗ/ БО** | 2,9 % | 2,0 % | 2,9 % | 1,1 % | 3,0 % | 1,6 % | 6,2 % | 2,6 % | 0 % |

Не постојат разлики по симпатизерство во политички партии.

Понатаму истражувана е **личната (не)доверба кон етничките заедници** (кон кои етнички заедници имате недоверба?).

**Графикон 1.5. Постоење лична недоверба во етничките заедници**




Највисока недоверба постои кон етничките Албанци (33 %), а потоа кон Ромите (22,0 %). 12,8 % од граѓаните мислат дека не постои недоверба.

Етничките Македонци најмногу недоверба имаат во етничките Албанци (45,4 %) и во Ромите (25,1 %), најмалку во етничките Бошњаци (1,7 %) и во Србите (1,6 %) и во Власите (1 %), а 14,1 % немаат недоверба.

Најмногу недоверба во етничките Албанци имаат и Ромите, етничките Срби и Власите.

**Табела 1.5. Постоење лична недоверба во етничките заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **во Македонци** | 3,6 % | **43,4 %** | 24,8 % | 19,9 % | 2,9 % | 4,1 % | 7,1 % | 15,6 % | 7,4 % |
| **во Албанци** | **45,4 %** | 4,7 % | 19,9 % | **30,4 %** | **65,5 %** | **47,6 %** | 4,7 % | **33,0 %** | 14 % |
| **во Турци** | 2,9 % | 2,6 % | 1,3 % | 7,7 % | 0,5 % | 2,1 % | 2,0 % | 2,9 % | 0 % |
| **во Роми** | 25,1 % | 18,4 % | 14,9 % | 10,8 % | 6,3 % | 27,2 % | 14,2 % | 22,0 % | 10,7 % |
| **во Власи** | 1,0 % | 1,3 % | 1,0 % | 1,7 % | 0,0 % | 0,3 % | 7,1 % | 1,1 % | 0 % |
| **во Срби** | 1,6 % | 17,9 % | 5,3 % | 5,2 % | 1,0 % | 0,7 % | 6,7 % | 6,2 % | 3,3 % |
| **во Бошњаци** | 1,7 % | 0,3 % | 1,7 % | 3,3 % | 0,0 % | 4,1 % | 0,0 % | 1,3 % | 3,3 % |
| **во други** | 0,9 % | 1,3 % | 2,0 % | 1,9 % | 0,0 % | 0,7 % | 2,4 % | 1,1 % | 0 % |
| **Немам недоверба** | 14,1 % | 6,5 % | **26,2 %** | 12,7 % | 19,4 % | 6,9 % | **39,9 %** | 12,8 % | **42,7 %** |
| **НЗ/ БО** | 3,7 % | 3,6 % | 3,0 % | 6,4 % | 4,4 % | 6,2 % | 15,8 % | 3,9 % | 18 % |

Етничките Албанци најмногу недоверба имаат во етничките Македонци (43,4 %) и во Ромите (18,4 %), а најмалку недоверба имаат во етничките Бошњаци (0,3 %).

Етничките Турци (26,2 %) и Бошњаците (39,9 %) најчесто немаат недоверба, како и јавните/ информираните личности (42,7 %).

Недовербата кон етничките Македонци е највисока во полошкиот (41,2 %) и во југозападниот (24,3 %) регион, кон етничките Албанци во вардарскиот (66,3 %) и во пелагонискиот (62,1 %) регион, а кон Ромите во југоисточниот (32,4 %) и во источниот (25,1 %) регион.

# Заклучоци

### Меѓуетничките односи лично и важни за Македонија, но шести по ранг на загриженост

Големо мнозинство граѓани сметаат дека меѓуетничките односи се важни лично (78,4 %) и за Македонија (86,3 %). Меѓуетничките односи се важни лично и за Македонија за големи мнозинства граѓани од сите етнички припадности.

Од друг агол погледната важноста на меѓуетничките односи, како прашање кое најмногу ги загрижува граѓаните, меѓуетничките односи ги загрижуваат 3,9 % од граѓаните и е шесто прашање по ранг по невработеноста, сиромаштијата, економијата (трите збирно се 77,7 %), корупцијата/ криминалот (9,5 %), влез во ЕУ/ НАТО (4,9 %).

### Десет години од вооружениот конфликт - незначително малцинство ги перципира односите како непријателски

Граѓаните најчесто ги оценуваат меѓуетничките односи како воздржани (33,2 %), 18,4 % ги сметаат за ривалски, 17,7 % за мирољубива коегзистенција, 16,9 % сметаат дека постои меѓуетничка соработка, а незначително малцинство од 9,4 % ги оценуваат односите како непријателски.

Нема побитни разлики по етничка основа, а слична е и перцепцијата на јавните/ информираните личности. Највисока перцепција за непријателски односи има во вардарскиот (18,5 %) и во полошкиот (18,2 %) регион, а највисока перцепција за соработка има во југозападниот (28,6 %) и во североисточниот (24,7 %) регион.

### Меѓуетничките односи подобри од пред 2001 г., оптимизам за перспективите

Меѓуетничките односи денес се оценети со 2,8, пред 2001 г. со 2,7, а граѓаните очекуваат подобрување за 5 години на 3,2 на скала од 1 до 5, каде 5 е највисока оценка.

Етничките Албанци, Турците, Бошњаците и Ромитете ги оценуваат меѓуетничките односи денес како подобри од пред 2001 г. и имаат позитивни очекувања за подобрување за 5 години. Етничките Македонци еднакво ги оценуваат меѓуетничките односи денес и пред 2001 г. (2,9), а очекуваат напредок на 3,2 за 5 години. Етничките Срби и Власите меѓуетничките односи денес ги оценуваат полошо од пред 2001 г, а очекуваат подобрување за 5 години.

### Најмногу предрасуди кон етничките Албанци и кон Ромите

Најмногу граѓани (41,6 %) мислат дека постојат предрасуди за етничките Албанци. Потоа следуваат Ромите (24,2 %) и етничките Македонци (14,3 %). 8,4 % граѓани сметаат дека не постојат предрасуди.

Граѓаните од повеќето етнички припадности најчесто мислат дека постојат предрасуди за етничките Албанци, со исклучок на Ромите кои мислат дека најчесто предрасуди има кон нив самите и етничките Бошњаци кои најчесто сметаат дека не постојат предрасуди.

### Најмногу недоверба кон етничките Албанци и кон Ромите

Највисока недоверба постои кон етничките Албанци (33 %), а потоа кон Ромите (22,0 %). 12,8 % од граѓаните мислат дека немаат недоверба.

Етничките Македонци најмногу недоверба имаат во етничките Албанци (45,4 %) и во Ромите (25,1 %), најмалку во етничките Бошњаци (1,7 %) и во Србите (1,6 %) и во Власите (1%), а 14,1 % немаат недоверба. Најмногу недоверба во етничките Албанци имаат и Ромите, етничките Срби и Власите. Етничките Албанци најмногу недоверба имаат во етничките Македонци (43,4 %) и во Ромите (18,4 %), а најмалку недоверба имаат во етничките Бошњаци (0,3 %).

Етничките Турци (26,2 %) и Бошњаците (39,9 %) најчесто немаат недоверба, како и јавните/ информираните личности (42,7 %).

Недовербата кон етничките Македонци е највисока во полошкиот (41,2 %) и во југозападниот (24,3 %) регион, кон етничките Албанци во вардарскиот (66,3 %) и во пелагонискиот (62,1 %) регион, а кон Ромите во југоисточниот (32,4 %) и во источниот (25,1 %) регион.

# 2. ИСТОРИСКИ ОДНОСИ

Историските односи, односно перцепциите за минатото и етничките конфронтации/ конфликти во минатото се важни за меѓуетничките односи. Доколку постои спремност за соочување и се обрне внимание на настаните од минатото, тоа влијае на можностите за помирување и напредок во меѓуетничките односи. Сознавањето и препознавањето, како и простувањето, се показатели на способноста за справување со минатото.

Истражувани се перцепциите за постоење подредена положба на етничките заедници пред 2001 г., како и причините за тоа, одредување на настаните во историјата кои влијаат на меѓуетничките односи, ставовите за вооружениот конфликт во 2001 г., како и ставовите за простување.

## Подредена положба на етничките заедници пред 2001 г.

Истражувани се перцепциите за постоење подредена положба на етничките заедници пред 2001 г. и доколку постоела, кои биле причините за тоа.

**Графикон 2.1. Подредена положба на етничките заедници пред 2001 г.**




Постои урамнотеженост во ставовите дека постоела подредена положба (39,8 %) и дека не постоела (44,6 %). Во Перцепцијата на анкетираните јавни/ информирани личности дека постоела подредена положба е повисока и изнесува 78,0 %.

Повеќе етнички Македонци, Турци, Роми и Бошњаци не перципираат подредена положба пред 2001 г., додека повеќе етнички Албанци, Срби и Власи имаат перцепција на подредена положба пред 2001 г. Скоро секој трет етнички Албанец (30,1 %) и секој втор етнички Македонец (50,1 %) мисли дека не постоела подредена положба на етничките заедници, а не се согласува скоро секој трет етнички Македонец (36,6 %) и секој втор етнички Албанец (46,4 %).

**Табела 2.1. Подредена положба на етничките заедници пред 2001 г. по етничка припадност**

| | Македонска | Албанска | Турска | Ромска | Српска | Влашка | Бошњачка | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 36,6 % | 46,4 % | 40,8 % | 40,6 % | 52,1 % | 55,6 % | 39,6 % | **39,8 %** | **78 %** |
| **Не** | 50,1 % | 30,1 % | 49,6 % | 45,5 % | 42,3 % | 29,5 % | 43,4 % | **44,6 %** | **22 %** |

Граѓаните кои перципираат подредена положба на етничките заедници пред 2001 г., за водечка причина за таквата положба ја сметаат државната дискриминација на етничка основа (30,8 %). Понатаму следуваат етничкото/ верското заостанување на културно ниво и самоизолација на немнозинските заедници (21,5 %) и недостатокот на почит кон немнозинските заедници (19,7 %).

Слични се наодите и од анкетата на јавни/ информирани личности: државна дискриминација (43,0 %), непочитување на немнозинските заедници (13,0 %) и етничкото/ верското заостанување на културно ниво и самоизолација на немнозинските заедници (9,0 %).

**Графикон 2.2. Причини за подредена положба на етничките заедници, наведени од испитаниците кои сметале дека таа постои**




За повеќето припадници на немнозинските заедници водечка причина за подредената положба е државната дискриминација, а за етничките Македонци водечка причина е етничкото/ верското заостанување на културно ниво и самоизолација на немнозинските заедници (29,5 %).

**Табела 2.2. Причини за подредена положба на етничките заедници, наведени од испитаниците кои сметале дека таа постои по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Државна дискриминација на етничка основа** | 18,4 % | **55,2 %** | **35,1 %** | **38,4 %** | 23,8 % | 17,4 % | 34,5 % | 30,8 % | **43 %** |
| **Етничко/ верско заостанување и самоизолација** | **29,5 %** | 8,2 % | 11,3 % | 12,1 % | 19,8 % | 17,4 % | 9,5 % | 21,5 % | **9 %** |
| **Недостаток на почит кон немнозинските заедници** | 16,1 % | 26,9 % | 17,5 % | 26,3 % | 6,9 % | **33,0 %** | 32,1 % | 19,7 % | **13 %** |
| **Неефективност на државата** | 18,4 % | 3,7 % | 19,6 % | 14,1 % | **44,6 %** | 21,7 % | 13,1 % | 14,6 % | **4 %** |
| **Нелојалност кон државата** | 13,4 % | 3,7 % | 7,2 % | 5,1 % | 2,0 % | 6,1 % | 4,8 % | 9,6 % | **4 %** |

## Тежок период за немнозинските заедници

Мнозинството граѓани (58,0 %) смета дека постоел тежок период за немнозинските заедници.

**Графикон 2.3. Постоење тежок период за немнозинските заедници**




Граѓаните од сите етнички припадности перципираат постоење тежок период, вклучувајќи ги и повеќето етнички Македонци (46,2 %). Етничките Албанци имаат највисока перцепција за постоење на таков период (84,8 %).

Кај анкетираните јавни/ информирани личности постои консензус дека постоел тежок период за немнозинските заедници (96,0 %).

**Табела 2.3. Постоење тежок период за немнозинските заедници по етничка припадност**

| | Македонска | Албанска | Турска | Ромска | Српска | Влашка | Бошњачка | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 46,2 % | 84,8 % | 68,9 % | 69,3 % | 58,2 % | 74,4 % | 59,0 % | **58,0 %** | **96 %** |
| **Не** | 38,8 % | 7,6 % | 21,4 % | 18,9 % | 32,0 % | 18,8 % | 34,4 % | **29,4 %** | **4 %** |
| **НЗ/БО** | 15,0 % | 7,6 % | 9,7 % | 11,9 % | 9,8 % | 6,8 % | 6,6 % | **12,6 %** | **0 %** |

Најмногу граѓани како тежок период за немнозинските заедници го посочуваат периодот на немирите во Косово (29,8 %). Најголем дел од перцепциите (68,1 %) се поврзани со периоди пред независноста на Македонија, а 22,1 % за периоди по независноста на Македонија.

**Графикон 2.4. Тежок период за немнозинските заедници**




Слични се наодите и во анкетата на јавни/ информирани личности.

Меѓу етничките Македонци и етничките Албанци постои споделена перцепција дека периодот на немирите на Косово бил тежок период, а таква споделена перцепција постои и за другите периоди. За етничките Турци најтежок период бил периодот на иселувањето во Турција (34,8 %), за етничките Срби тоа било по независноста на Македонија (34,5 %), за Ромите по 2001 г. (33,1 %), за етничките Бошњаци тоа бил периодот на Ранковиќ (31,2 %), а Власите имаат поделени ставови за ова прашање.

**Табела 2.4. Тежок период за немнозинските заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пред Втората светска војна** | 7,3 % | 4,5 % | 3,7 % | 4,1 % | 4,4 % | 16,2 % | 4,0 % | 5,9 % | 0 % |
| **Иселувањето во Турција, во ’50-тите** | 7,9 % | 17,6 % | **34,8 %** | 5,9 % | 1,8 % | 15,6 % | 17,6 % | 12,7 % | 9 % |
| **Периодот на Ранковиќ** | 16,4 % | 28,2 % | 4,3 % | 7,7 % | 1,8 % | **16,9 %** | **31,2 %** | 19,7 % | 17 % |
| **Немирите на Косово во ’80-тите** | **31,5 %** | **30,2 %** | 14,0 % | 29,6 % | 23,0 % | 10,4 % | 16,8 % | **29,8 %** | **39 %** |
| **По независноста на Македонија** | 13,3 % | 2,9 % | 17,7 % | 14,2 % | **34,5 %** | 14,9 % | 8,0 % | 10,0 % | 17 % |
| **По 2001 г.** | 9,4 % | 12,7 % | 13,4 % | **33,1 %** | 31,9 % | 16,2 % | 16,0 % | 12,1 % | 0 % |
| **Друго** | 7,6 % | 2,4 % | 5,5 % | 1,2 % | 1,8 % | 3,9 % | 4,0 % | 5,2 % | 0 % |
| **НЗ/БО** | 6,7 % | 1,6 % | 6,7 % | 4,1 % | 0,9 % | 5,8 % | 2,4 % | 4,6 % | 17 % |

## Период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став

Мнозинството граѓани (74,1 %) смета дека постоел период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став.

**Графикон 2.5. Постоење период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став**




Граѓаните од сите етнички припадности перципираат постоење период со непријателски/ сепаратистички став, вклучувајќи ги и повеќето етнички Албанци (62,3 %). Етничките Македонци и етничките Срби имаат највисока перцепција за постоење на таков период (80,3 %, односно 80,4 %).

Слични се наодите и во Анкетата на јавни/ информирани личности, каде 70 % мислат дека постоел период со непријателски/ сепаратистички став.

**Табела 2.5. Постоење период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став по етничка припадност**

| | Македонска | Албанска | Турска | Ромска | Српска | Влашка | Бошњачка | Вкупно | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 80,3 % | 62,3 % | 52,5 % | 69,3 % | 80,4 % | 72,9 % | 53,8 % | **74,1 %** | **70 %** |
| **Не** | 11,3 % | 23,9 % | 36,1 % | 19,7 % | 11,3 % | 20,3 % | 33,0 % | **15,9 %** | **13 %** |
| **НЗ/БО** | 8,4 % | 13,8 % | 11,3 % | 11,1 % | 8,2 % | 6,8 % | 13,2 % | **10,0 %** | **17 %** |

**Графикон 2.6. Период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став**




Најмногу граѓани како период со непријателски/ сепаратистички став на немнозинските заедници ја посочуваат 2001 г. (56,5 %). Најголем дел од перцепциите (71,1 %) се поврзани со периоди по независноста на Македонија, а 22,2 % за периоди пред независноста на Македонија. Во анкетата на јавни/ информирани личности, дистрибуцијата на ставови е поизедначена: 2001 г. (17,0 %), по независноста (22,0 %), Косово во 80-тите (13,0 %) и Втората светска војна (13,0 %).

Меѓу граѓаните од секоја етничка припадност постои споделена перцепција за 2001 г. како непријателски период. Меѓу етничките Македонци и етничките Албанци постои релативно споделена перцепција.

**Табела 2.6. Период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Во 2001 г.** | 56,0 % | 57,8 % | 52,8 % | 52,7 % | 76,3 % | 46,4 % | 50,0 % | **56,5 %** | 17 % |
| **Немирите во Косово во '80-тите** | 12,6 % | 22,2 % | 22,4 % | 24,9 % | 12,2 % | 18,5 % | 21,1 % | **15,3 %** | 13 % |
| **По независноста на Македонија со прогласувањето на Илирида** | 17,8 % | 5,6 % | 15,2 % | 12,4 % | 3,2 % | 8,6 % | 17,5 % | **14,6 %** | 22 % |
| **Втората светска војна (Балистите)** | 5,8 % | 11,7 % | 4,0 % | 2,4 % | 5,1 % | 13,9 % | 1,8 % | **6,9 %** | 13 % |
| **Друго** | 5,6 % | 0,6 % | 4,8 % | 5,9 % | 2,6 % | 4,6 % | 6,1 % | **4,5 %** | 4 % |

## Вооружениот конфликт од 2001 г.

Прашани за ставовите за вооружениот конфликт од 2001 г., повеќе граѓани сметаат дека правата можеле да се постигнат по мирен пат (36,8 %).

**Графикон 2.7. Мислење за вооружениот конфликт од 2001 г.**




Во анкетата на јавни/ информирани личности мнозинството (65,0 %) мислат дека правата можеле да се постигнат по мирен пат, а 13,0 % дека е оправдана борба за човекови права. Дека било етно-сепаратистичка борба и агресија од Косово веруваат по 4,0 %, а ниеден испитаник не се изјаснил за меѓународен заговор.

Дека правата можеле да се постигнат по мирен пат, смета скоро секој трет етнички Македонец (37,1 %) и етнички Албанец (31,8 %) и повеќето граѓани од друга етничка припадност (вкупно 36,8 % од граѓаните).

**Табела 2.7. Мислење за вооружениот конфликт од 2001 г. по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оправдана борба за човекови права** | 2,5 % | 52,6 % | 22,7 % | 13,1 % | 1,5 % | 1,0 % | 21,2 % | **16,5 %** | **13 %** |
| **Правата можеше да се постигнат по мирен пат** | 37,1 % | 31,8 % | 52,5 % | 43,0 % | 56,2 % | 43,0 % | 36,8 % | **36,8 %** | **65 %** |
| **Етно-сепаратистичка борба** | 16,9 % | 5,5 % | 9,2 % | 13,9 % | 14,4 % | 16,9 % | 17,0 % | **13,6 %** | **4 %** |
| **Агресија од Косово** | 16,4 % | 0,3 % | 3,4 % | 14,3 % | 14,9 % | 20,8 % | 1,9 % | **11,7 %** | **4 %** |
| **Меѓународен заговор против Македонија** | 20,0 % | 6,9 % | 5,9 % | 6,1 % | 7,2 % | 10,6 % | 19,8 % | **15,5 %** | **0 %** |
| **Друго** | 4,6 % | 1,0 % | 1,7 % | 5,7 % | 4,1 % | 2,4 % | 0,9 % | **3,6 %** | **9 %** |
| **НЗ/БО** | 2,4 % | 1,7 % | 4,6 % | 3,7 % | 1,5 % | 5,3 % | 2,4 % | **2,3 %** | **4 %** |

Но, двајца од три етнички Македонци и етнички Албанци имаат различни перспективи на вооружениот конфликт од 2001 г. Додека за 52,6 % етнички Албанци конфликтот е оправдана борба за човекови права, за збирно 53,3 % од етничките Македонци конфликтот е меѓународен заговор против Македонија (20 %), етно-сепаратистичка борба (16,9 %) и агресија од Косово (16,4 %).

## Простување и одмазда

Покрај сознавањето и признавањето, простувањето е важен дел од помирувањето. Еднакви делови на македонското општество се за простување, за одмазда и за заборавање.

**Графикон 2.8. Простување за настаните од минатото**




Не постојат значајни разлики во простувањето по етничка припадност.

**Табела 2.8. Простување за настаните од минатото според етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **За стореното во минатото треба да се прости** | 30,5 % | 33,2 % | 33,2 % | 42,2 % | 29,4 % | 27,5 % | 34,4 % | **31,6 %** | **52 %** |
| **Не треба да се прости и тие што правеле неправди треба да ја осетат неправдата на своја кожа** | 31,4 % | 36,0 % | 23,1 % | 21,7 % | 14,4 % | 19,3 % | 21,7 % | **31,5 %** | **0 %** |
| **Сакам да заборавам за минатото и да продолжам да живеам** | 30,8 % | 27,3 % | 38,7 % | 28,7 % | 54,1 % | 47,3 % | 40,1 % | **30,8 %** | **39 %** |
| **НЗ/БО** | 7,3 % | 3,5 % | 5,0 % | 7,4 % | 2,1 % | 5,8 % | 3,8 % | **6,1 %** | **9 %** |

Во анкетата на јавни/ информирани личности 52,0 % се за проштевање, а 39,0 % сакаат да заборават. Ниту еден испитаник не поддржува одмазда.

# Заклучоци

### Релативна споделеност на ставови за историските односи меѓу граѓаните од различни етнички припадности и разлики во перцепциите за причините на настаните во историјата

Постои релативна споделеност на ставовите за историските односи меѓу мнозинските етнички Македонци и немнозинските заедници, вклучувајќи за постоење подредена положба на немнозинските заедници пред 2001 г. и за тешки периоди во меѓусебните односи, како и за потребата од проштевање. Но, постојат етнички разлики во перципираните причини, посебно за подредената положба на немнозинските заедници и за вооружениот конфликт во 2001 г. (види подолу).

### Поделени ставови за постоење подредена положба пред 2001 г. и различни ставови за причините за тоа

Постои урамнотеженост во ставовите дека постоела подредена положба на немнозинските заедници пред 2001 г. (39,8 %) и дека не постоела (44,6 %). Скоро секој трет етнички Албанец (30,1 %) и секој втор етнички Македонец (50,1 %) мисли дека не постоела подредена положба на етничките заедници, со што не се согласува, односно мисли дека постоела подредена положба скоро секој трет етнички Македонец (36,6 %) и секој втор етнички Албанец (46,4 %).

Граѓаните кои перципираат подредена положба на етничките заедници пред 2001 г., за водечка причина за таквата положба ја сметаат **државната дискриминација на етничка основа** (30,8 %). Понатаму следуваат етничкото/ верското заостанување на културно ниво и самоизолација на немнозинските заедници (21,5 %) и недостатокот на почит кон немнозинските заедници (19,7 %). За повеќето припадници на немнозинските заедници водечка причина за подредената положба е државната дискриминација (етнички Албанци 55,2 %), а за етничките Македонци водечка причина е **етничкото/ верското заостанување на културно ниво и самоизолација на немнозинските заедници** (29,5 %).

### Постоеле тешки периоди за немнозинските заедници, кои биле различни за различните етнички заедници и повеќето биле пред независноста на Македонија

Мнозинството граѓани (58,0 %) смета дека постоел тежок период за немнозинските заедници. Граѓаните од секоја етничка припадност перципираат постоење тежок период, вклучувајќи ги и повеќето етнички Македонци (46,2 %). Етничките Албанци имаат највисока перцепција за постоење на таков период (84,8 %).

Најмногу граѓани како тежок период за немнозинските заедници го посочуваат периодот на немирите во Косово во 80-тите (29,8 %). Меѓу етничките Македонци и етничките Албанци постои споделена перцепција за тешките периоди. За етничките Турци најтежок период бил периодот на иселувањето во Турција (34,8 %), за етничките Срби тоа било по независноста на Македонија (34,5 %), за Ромите по 2001 г. (33,1 %), за етничките Бошњаци тоа бил периодот на Ранковиќ (31,2 %), а Власите имаат поделени ставови за тоа прашање.

Најголем дел од перцепциите (68,1 %) се поврзани со периоди пред независноста на Македонија, а 22,1 % за периоди по независноста на Македонија.

### Постоеле периоди во кои немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став и повеќето биле по независноста на Македонија

Мнозинството граѓани (74,1 %) смета дека постоел период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став. Граѓаните од секоја етничка припадност перципираат постоење период со непријателски/ сепаратистички став, вклучувајќи ги и повеќето етнички Албанци (62,3 %). Етничките Македонци и Срби имаат највисока перцепција за постоење на таков период (80,3 %, односно 80,4 %).

Најмногу граѓани како период со непријателски/ сепаратистички став на немнозинските заедници ја посочуваат 2001 г. (56,5 %), што е споделен став кај сите етнички заедници.

Најголем дел од перцепциите (71,1 %) се поврзани со периоди по независноста на Македонија, а помал дел (22,2 %) за периоди пред независноста на Македонија.

### Различни ставови за 2001 г. - дали правата можеле да се постигнат по мирен пат и кои се причините за вооружениот конфликт

Дека правата можеле да се постигнат по мирен пат смета скоро секој трет етнички Македонец (37,1 %) и етнички Албанец (31,8 %), повеќето граѓани од друга етничка припадност (вкупно 36,8 % од граѓаните) и 65,0 % од јавните/ информираните личности.

Но, двајца од три етнички Македонци и етнички Албанци имаат различни перспективи на вооружениот конфликт од 2001 г. Додека за 52,6 % етнички Албанци конфликтот е оправдана борба за човекови права, за збирно 53,3 % од етничките Македонци конфликтот е меѓународен заговор против Македонија (20,0 %), етно-сепаратистичка борба (16,9 %) и агресија од Косово (16,4 %). Јавните/ информираните личности не веруваат во меѓународен заговор против Македонија.

### Мнозинството граѓани е за прошка и заборавање

Мнозинство граѓани (збирно: 62,4 %) е за простување (31,6 %) и заборавање на минатото (30,8 %), а 31,5 % се против тоа. Ставовите не се разликуваат по етнички заедници. Јавните/ информираните личности за целосно за проштевање и заборавање.

# 3. СТРАВОВИ, ПРЕДРАСУДИ И СТЕРЕОТИПИ

Доколку граѓаните од различна етничка припадност имаат помалку негативни перцепции едни за други, поголема е веројатноста да имаат добри меѓуетнички односи. Тука се истражувани меѓуетничките перцепции – стравови, предрасуди и стереотипи.

## Стравови и предрасуди

Мнозинството граѓани (62,7 %) и етнички Македонци (73,6 %) имаат одредени негативни перцепции (стравови, предрасуди) за немнозинските заедници, а наспроти 31,8 % граѓани, односно 21,0 % етнички Македонци кои сметаат дека немнозинските заедници не се закана за државата и општеството.

**Графикон 3.1. Стравови и предрасуди од/ за немнозинските заедници**




Водечки негативни перцепции се: политика да се смени македонскиот карактер на државата (24,1 %), високата стапка на раѓање (12,5 %), непочитување на законот (10,8 %) и недостигнување на културното ниво на етничките Македонци (8,7 %).

Големо мнозинство (83,0 %) од анкетираните јавни/ информирани личности мисли дека немнозинските заедници не се закана за државата и општеството, а 9,0 % мислат дека немнозинските заедници не го почитуваат законот.

Секој петти етнички Македонец верува дека немнозинските заедници не се закана за државата и општеството, додека во тоа веруваат мнозинството етнички Албанци, Турци, Роми и Бошњаци. Секој четврти етнички Македонец стравува од политиките на промена на македонскиот карактер на државата.

**Табела 3.1. Стравови и предрасуди од/ за немнозинските заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Не се закана за државата и општеството** | 21,0 % | **52,6 %** | **58,4 %** | **55,3 %** | 13,4 % | **37,2 %** | **58,0 %** | **31,8 %** | **83 %** |
| **Поради нивната политика да се смени македонскиот карактер на државата** | **26,9 %** | 20,1 % | 13,4 % | 13,1 % | **33,0 %** | 10,1 % | 16,5 % | **24,1 %** | **4 %** |
| **Поради нивната висока стапка на раѓање** | 16,2 % | 2,8 % | 13,4 % | 6,6 % | 20,1 % | 21,7 % | 4,2 % | **12,5 %** | **4 %** |
| **Повеќето припадници на немнозинските заедници не го почитуваат законот** | 14,1 % | 3,1 % | 5,9 % | 6,6 % | 16,0 % | 12,6 % | 6,6 % | **10,8 %** | **9 %** |
| **Бидејќи повеќето немнозински заедници никогаш нема да го достигнат културното ниво на етничките Македонци** | 8,7 % | 10,0 % | 2,1 % | 5,7 % | 5,2 % | 1,9 % | 3,3 % | **8,6 %** | **0 %** |

Урамнотежен е односот на граѓаните кои имаат одредени негативни перцепции (стравови, предрасуди) за мнозинската заедница (45,6 %) и граѓаните кои сметаат дека може да им се верува на етничките Македонци (41,5 %). Од друга страна, 86,2 % од етничките Албанци имаат негативни перцепции за мнозинството и за државата.

**Графикон 3.2. Стравови и предрасуди од/ за мнозинството**




Водечки негативни перцепции се дека етничките Македонци се дискриминатори (19,7 %) и кршењето на правата од страна на државата (12,2 %). Стравот од државно насилство е став на незначително малцинство (5,0 %).

48,0 % од јавните/ информираните личности мисли дека може да се верува на етничките Македонци, а 13,0 % мислат дека повеќето етнички Македонци се дискриминатори.

**Табела 3.2. Став дека не е возможно да им се верува на етничките Македонци по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Може да им се верува на етничките Македонци** | 55,5 % | 6,2 % | 33,6 % | 29,1 % | **69,1 %** | 59,4 % | 34,4 % | **41,5 %** | **48 %** |
| **Повеќето етнички Македонци се дискриминатори** | 13,7 % | **37,0 %** | 17,6 % | 14,8 % | 6,7 % | 11,1 % | 11,8 % | **19,7 %** | **13 %** |
| **Државата сериозно ги крши правата на немнозинските заедници** | 3,6 % | 31,5 % | **26,9 %** | **19,3 %** | 5,2 % | 9,2 % | 14,2 % | **12,2 %** | **4 %** |
| **Немнозинските заедници (особено Албанци и Роми) се главно подредени и живеат на маргините на општеството** | 7,8 % | 10,4 % | 9,2 % | 21,7 % | 0,5 % | 5,3 % | 6,1 % | **8,7 %** | **0 %** |
| **Страв од државно насилство против немнозинските заедници** | 3,9 % | 7,3 % | 8,0 % | 3,7 % | 8,2 % | 4,3 % | 9,4 % | **5,0 %** | **4 %** |

## Перцепции за ниво на постигнувања на немнозинските заедници

Истражувани се перцепциите на граѓаните за успешноста на три немнозински групи: етничките Албанци, Ромите и Власите, во подрачјата на бизнис, политика/ јавни работи и култура и уметност. Овие три етнички заедници се избрани поради ограничените ресурси за истражување. Граѓаните се прашани дали припадниците на наведените етнички заедници имаат натпросечна, просечна или потпросечна успешност во наведените подрачја, споредено со другите етнички заедници во Македонија. Во графиконот подолу се прикажани само перцепциите за натпросечна успешност.

**Графикон 3.3. Натпросечна успешност на етничките Албанци, Власите и Ромите во однос на другите етнички заедници**




За соодветно претставување на резултатите во ограничен простор, прикажани се разликите меѓу натпросечната и потпросечната успешност. Доколку разликата е позитивна, постои перцепција за натпросечна успешност на етничката заедница и таа перцепција е повисока колку што е поголема разликата. Доколку разликата е негативна, постои перцепција за потпросечна успешност на етничката заедница и таа перцепција е повисока колку што е поголема разликата.

Етничките Албанци се перципирани како најуспешни во бизнис (+34,1 %), успешни во политика (+6,1 %) и помалку успешни во култура (-29,7 %).

**Табела 3.3. Перципирани нивоа на успешност на етничките Албанци како разлика меѓу перцепции на натпросечна и потпросечна успешност (+ натпросечна, - потпросечна)**

| | Вкупна перцепција | Себеперцепција на етничките Албанци | Македонска перцепција на етничките Албанци |
|---|---|---|---|
| **Бизнис** | +34,1 % | +13,5 % | +40,3 % |
| **Политика / јавни работи** | +6,1 % | -7,2 % | +6,4 % |
| **Култура и уметност** | -29,7 % | - 11,4 % | -39,6 % |
| **Вкупно (збир)** | +10,5 % | -5,1 % | +7,1 % |

Етничките Албанци себеси се перципираат успешни во бизнис (+13,5 %), а не толку успешни во политика (-7,2 %) и во култура (-11,4 %). Етничките Македонци ги перципираат етничките Албанци поуспешни од тоа што тие го перципираат самите за себе воопшто и во бизнисот, а помалку успешни во културата и уметноста.

Етничките Роми се перципирани како помалку успешни во бизнис (-59,9 %), во политика (-67,2 %) и во култура (-71,7 %).

**Табела 3.4. Перципирани нивоа на успешност на Ромите како разлика меѓу перцепции на натпросечна и потпросечна успешност (+ натпросечна, - потпросечна)**

| | Вк. перцепција | Себеперцепција на Ромите | Македонска перцепција на Ромите | Албанска перцепција на Ромите |
|---|---|---|---|---|
| **Бизнис** | -59,9 % | -18,1 % | -64,2 % | -54,0 % |
| **Политика / јавни работи** | -67,2 % | - 35,3 % | -73,0 % | -57,1 % |
| **Култура и уметност** | -71,7 % | -27,5 % | -75,6 % | -67,9 % |
| **Вкупно (збир)** | **-198,8 %** | **-80,9 %** | **-212,8 %** | **-179,0 %** |

Ромите себеси се перципираат помалку успешни во сите три подрачја. Ромите од другите се перципирани како помалку успешни од тоа што тие самите го перципираат за себе.

Власите се перципирани како успешни во бизнис (+15,9 %) и помалку успешни во политика (-4,4 %) и во култура (-11,8 %).

**Табела 3.5. Перципирани нивоа на успешност на Власите како однос меѓу натпросечна и потпросечна успешност**

| | Вкупна перцепција | Себеперцепција на Власите | Македонска перцепција на Власите | Албанска перцепција на Власите |
|---|---|---|---|---|
| **Бизнис** | +15,9 % | +65,2 % | +31,8 % | -24,2 % |
| **Политика / јавни работи** | -4,4 % | -4,9 % | +5,9 % | -29,7 % |
| **Култура и уметност** | -11,8 % | +28,5 % | -3,8 % | - 35,3 % |
| **Вкупно** | **-0,3 %** | **+88,8 %** | **+22,1 %** | **-89,2 %** |

# Заклучоци

## Негативни перцепции за немнозинските заедници

Мнозинството граѓани (62,7 %) и етнички Македонци (73,6 %) имаат одредени негативни перцепции (стравови, предрасуди) за немнозинските заедници, наспроти 31,8 % граѓани, односно 21,0 % етнички Македонци кои сметаат дека немнозинските заедници не се закана за државата и општеството.

Водечки негативни перцепции се: политика да се смени македонскиот карактер на државата (24,1 %), висока стапка на раѓање (12,5 %), непочитување на законот (10,8 %) и недостигнување на културното ниво на етничките Македонци (8,7 %).

Големо мнозинство (83,0 %) од јавните/ информираните личности мисли дека немнозинските заедници не се закана за државата и општеството, а 9,0 % мислат дека немнозинските заедници не го почитуваат законот.

## ... И негативни перцепции за мнозинството и државата

Урамнотежен е односот на граѓаните кои имаат одредени негативни перцепции (стравови, предрасуди) за мнозинската заедница (45,6 %) и граѓаните кои сметаат дека може да им се верува на етничките Македонци (41,5 %). Од друга страна, 86,2 % од етничките Албанци имаат негативни перцепции за мнозинството и за државата.

Водечки негативни перцепции се дека етничките Македонци се дискриминатори (19,7 %) и кршењето на правата од страна на државата (12,2 %). Стравот од државно насилство е став на незначително малцинство (5,0 %).

48,0 % од јавните/ информираните личности мислат дека може да им се верува на етничките Македонци, а 13,0 % мислат дека повеќето етнички Македонци се дискриминатори.

### Етничките Албанци со натпросечна успешност, Власите со просечна, а Ромите со потпросечна успешност во бизнисот, политиката и културата

Етничките Албанци се перципирани како најуспешни во бизнис (+34,1 %), успешни во политика (+6,1 %) и помалку успешни во култура (-29,7 %). Етничките Роми се перципирани како помалку успешни во бизнис (-59,9 %), во политика (-67,2 %) и во култура (-71,7 %). Власите се перципирани како успешни во бизнис (+15,9 %) и помалку успешни во политика (-4,4 %) и во култура (-11,8 %).

### Натпросечна успешност - македонската перцепција за етничките Албанци, додека етничките Албанци имаат себеперцепција за потпросечна успешност.

Етничките Албанци себеси се перципираат успешни во бизнис (+13,5 %), не толку успешни во политика (-7,2 %) и во култура (-11,4 %) или збирно помалку успешни од просекот (-5,1 %). Етничките Македонци ги перципираат етничките Албанци поуспешни од тоа што тие го перципираат самите за себе воопшто (+7,1 %) и во бизнисот (40,3 %), а помалку успешни во културата и уметноста (-39,6 %).

### Разлики во перцепциите на успешноста на етничките Албанци – можна поврзаност со разлики во перцепции на постоење подредена положба пред 2001 г. и причините за тоа

Разликата во перцепцијата на успешноста на етничките Албанци – меѓу себеперцепцијата за потпросечна успешност и таа на етничките Македонци за натпросечна успешност е можното објаснување на разликата во перцепциите на постоење подредена положба на немнозинските заедници, меѓу етничките Македонци кои сметаат дека не постоела (50,1 %) и етничките Албанци кои сметаат дека постоела (46,4 %) (види дел 2. Историски односи, стр. 5).

Разликата во перцепцијата на помалата успешност на етничките Албанци во културата и уметноста - себеперцепцијата и таа на етничките Македонци е можното објаснување за тоа што етничките Македонци за водечка причина за постоење подредена положба е етничко/ верско заостанување на културно ниво и самоизолација на немнозинските заедници, додека етничките Албанци сметаат дека тоа е државната дискриминација на етничка основа (види дел 2. Историски односи, стр. 6).

Тоа нè води до можните клучни етнички стереотипи. Македонскиот стереотип е „Албанците се натпросечно успешни, значи не се во подредена положба и дискриминирани, а во културата се потпросечно успешни што води до нивно етничко/ верско заостанување на културно ниво и самоизолација“. Албанскиот стереотип е „Албанците се потпросечно успешни и тоа е поради подредената положба во која се наоѓаат поради државната дискриминација на етничка основа“.

# 4. ВЕРОЈАТНОСТ НА НАСИЛСТВО (РИЗИК ОД ЕТНИЧКО НАСИЛСТВО)

Веројатноста од насилство е еден од показателите за оценка на меѓуетничките односи.

Истражувани се два аспекти – етничко вознемирување со физички штети и графити, како и загриженост од можноста за насилни етнички конфликти.

Малцинство граѓани се вознемирени од со физички штети и графити, односно 13,7 % често се вознемирени, а 18 % и така и така.

**Графикон 4.1. Вознемиреност од физички штети на Вашите објекти или со графити**




Нема поголеми разлики по етничка припадност.

Еден од двајца граѓани (51,9 %) е загрижен од можноста за насилни етнички конфликти во Македонија, а вториот граѓанин не е загрижен или е загрижен и така и така (47 %).

**Графикон X. Загриженост од можноста за насилни етнички конфликти во Македонија**




Нема поголеми разлики по етничка припадност.

Најзагрижени се граѓаните во североисточниот регион (82 %), а најмалку во југоисточниот регион (27,6 %).

**Табела X. Загриженост од можноста за насилни етнички конфликти во Македонија по региони**

| | Скоп. | ЈИ | Ист. | СИ | Вард. | ЈЗ | Полог | Пелаг. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Загрижен сум** | 55,6 % | 27,6 % | 59,3 % | 82,0 % | 66,4 % | 45,8 % | 48,9 % | 29,0 % | **51,9 %** | **35 %** |
| **И така и така** | 22,1 % | 22,0 % | 23,1 % | 9,3 % | 10,7 % | 21,5 % | 32,2 % | 32,3 % | **23,1 %** | **17 %** |
| **Не сум загрижен** | 21,9 % | 48,8 % | 16,8 % | 7,3 % | 22,9 % | 31,6 % | 14,8 % | 38,7 % | **23,9 %** | **47 %** |

Јавните/ информираните личности се помалку загрижени од можноста за насилни етнички конфликти во Македонија, и тоа: нема многу загрижени, загрижени се 35 %, и така и така 17 %, а не се загрижени 47 %.

# Заклучок

## Поделена загриженост од можност за насилни етнички конфликти во Македонија, јавните личности помалку загрижени

Еден од двајца граѓани (51,9 %) е загрижен од можноста за насилни етнички конфликти во Македонија, а вториот граѓанин не е загрижен или е загрижен и така и така (47 %). Нема поголеми разлики по етничка припадност. Најзагрижени се граѓаните во североисточниот регион (82 %), а најмалку во југоисточниот регион (27,6 %).

Јавните/ информираните личности се помалку загрижени од можноста за насилни етнички конфликти во Македонија: загрижени се 35 %, а 64 % не се загрижени или се така и така.

# 5. СВЕСНОСТ ЗА КУЛТУРАТА И СПОДЕЛЕНА ГОРДОСТ

Развојот на меѓуетничките односи ќе биде позитивен доколку постои познавање и почитување на историјата и културата на другиот, а вклученоста ќе се подобрува доколку историјата, културата и гордоста бидат споделени.

## Познавање и почит на културите

За големо мнозинство од граѓаните (72,0 %) е важно познавањето на историјата и културата на другите етнички заедници.

**Графикон 5.1. Важност на познавањето на историјата и културата на другите етнички заедници во Македонија**




Не постојат значителни разлики во овој став по етничка припадност (и по други социо-демографски белези), а познавањето на другиот е најважно за граѓаните од североисточниот регион (93,4 %).

Граѓаните најмногу знаат за историјата и културата на етничките Македонци (57,1 %) и за етничките Албанци (33,9 %), а најмалку за етничките Бошњаци (1,4 %). Редоследот на познавање на историјата и културата е сличен и во анкетата на јавни/ информирани личности.

**Графикон 5.2. Од кои две етнички групи најмногу ја познавате историјата и културата?**




Етничките Македонци, по својата, најдобро ја познаваат историјата и културата на етничките Срби (18,2 %) и етничките Турци (11,8 %), етничките Албанци на етничките Македонци (23,7 %) и на Турците (12,3 %), а другите етнички групи по правило најдобро ги познаваат историјата и културата на етничките Македонци и етничките Албанци.

**Табела 5.2. Од кои две етнички групи најмногу ја познавате историјата и културата?**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Културата на Македонците** | 48,7 % | 23,7 % | 34,0 % | 32,4 % | 46,5 % | 47,1 % | 41,5 % | **57,1 %** | **87 %** |
| **... на Албанците** | 10,9 % | 60,2 % | 13,1 % | 13,0 % | 2,3 % | 0,8 % | 22,0 % | **33,8 %** | **52 %** |
| **... на Србите** | 18,2 % | 1,4 % | 0,9 % | 5,4 % | 47,1 % | 4,2 % | 1,1 % | **18,2 %** | **4 %** |
| **... на Турците** | 11,8 % | 12,3 % | 49,1 % | 7,6 % | 0,9 % | 2,8 % | 2,8 % | **18,1 %** | **17 %** |
| **... на Ромите** | 4,0 % | 1,6 % | 0,9 % | 35,6 % | 0,3 % | 1,7 % | 0,4 % | **5,7 %** | **39 %** |
| **... на Власите** | 2,2 % | 0,0 % | 0,3 % | 1,7 % | 0,6 % | 42,9 % | 0,0 % | **2,4 %** | **0 %** |
| **... на Бошњаците** | 1,0 % | 0,0 % | 1,1 % | 2,7 % | 0,3 % | 0,3 % | 31,6 % | **1,4%** | **0 %** |

Последните пет години најмногу е подобрена почитта кон културата на етничките Албанци, е став на 44,6 % граѓани.

**Графикон 5.3. Подобрена почитта кон култура на етничка група споредено со пред пет години**




Повеќето граѓани од сите етнички припадности сметаат дека е најмногу подобрена почитта на културата на етничките Албанци.

**Табела 5.3. Подобрена почитта кон култура на етничка група споредено со пред пет години по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Култура на етн. Албанци** | 49,3 % | 34,0 % | 41,4 % | 45,2 % | 52,9 % | 40,5 % | 47,4 % | **44,6 %** | **65 %** |
| **... Македонци** | 11,9 % | 27,9 % | 20,1 % | 15,1 % | 6,9 % | 16,1 % | 36,8 % | **16,9 %** | **9 %** |
| **...Турци** | 7,5 % | 14,6 % | 20,7 % | 10,2 % | 0,0 % | 6,7 % | 2,2 % | **9,9 %** | **17 %** |
| **... Роми** | 6,8 % | 4,3 % | 3,1 % | 13,1 % | 3,4 % | 6,7 % | 0,9 % | **6,0 %** | **17 %** |
| **... Срби** | 3,2 % | 2,4 % | 0,6 % | 5,4 % | 2,9 % | 0,3 % | 0,0 % | **2,9 %** | **0 %** |
| **... Власи** | 1,7 % | 1,1 % | 0,6 % | 0,9 % | 0,5 % | 11,4 % | 0,0 % | **1,5 %** | **0 %** |
| **... Бошњаци** | 0,5 % | 1,6 % | 0,6 % | 2,8 % | 0,0 % | 1,3 % | 1,3 % | **0,9 %** | **4 %** |
| **Кон ниту една** | 12,3 % | 8,0 % | 8,8 % | 4,0 % | 17,6 % | 10,0 % | 7,0 % | **10,7 %** | **26 %** |

Незначително малцинство граѓани – етнички Срби, Власи и Бошњаци и мало малцинство етнички Турци и Роми сметаат дека е подобрена почитта кон нивната култура.

Јавните/ информираните личности сметаат дека е најмногу подобрена почитта на културата на етничките Албанци (45,7 %) и на етничките Турци (12,0 %) и на Роми (12,0 %).

## Заеднички вредности

Граѓаните се поделени во однос на потребата од нови заеднички вредности и практики, надвор од сопствените вредности и традиции.

**Графикон 5.4. Потреба од нови заеднички вредности и практики надвор од сопствените вредности и традиции**




Мнозинството етнички Македонци (51,3 %) сметаат дека не се потребни нови заеднички вредности, а мнозинството етнички Албанци (57,1 %) сметаат дека се потребни. Мнозинството граѓани од другите етнички припадности сметаат дека се потребни нови заеднички вредности.

Поддршката за нови заеднички вредности е најголема во скопскиот регион (58,5 %), а најмала во југоисточниот регион (27,0 %). Симпатизерите на ДУИ се повеќе за заеднички вредности (70,6 %) од другите етнички Албанци.

92,0 % од јавните/ информираните личности сметаат дека има потреба од нови заеднички вредности.

**Графикон 5.5. Заеднички личности за сите етнички заедници**




Мајка Тереза и Борис Трајковски се заеднички личности за граѓаните од сите етнички припадности, а Александар Македонски е заедничка личност за мнозинството граѓани од сите етнички припадности, со исклучок на етничките Македонци и етничките Турци.

Александар Велики е прифатлива заедничка личност за мнозинството граѓани во североисточен (87,3 %), југоисточен, источен и југозападен регион, а во скопски (53,6 %), полошки (52,5 %), вардарски (54,6 %) и пелагониски (63,6 %) не е заедничка личност за мнозинството граѓани.

Гоце Делчев и Никола Карев се најмалку прифатливи заеднички личности за етничките Албанци (14,2 % и 11,4 %) и за Турците (22,7 % и 19,7 %). Скендер бег е прифатлив за заедничка личност за приближно малцинство етнички Македонци (37,5 %) и етнички Албанци (36,3 %).

**Табела 5.5. Заеднички личности за сите етнички заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мајка Тереза** | 81,9 % | 67,5 % | 72,3 % | 85,7 % | 79,9 % | 80,7 % | 87,7 % | **78,0 %** | **96 %** |
| **Борис Трајковски** | 73,1 % | 53,3 % | 68,1 % | 86,1 % | 77,8 % | 82,1 % | 75,9 % | **68,4 %** | **65 %** |
| **Питу Гули** | 55,5 % | 31,8 % | 22,3 % | 57,4 % | 52,1 % | 78,3 % | 41,0 % | **48,1 %** | **35 %** |
| **Александар Македонски** | 45,7 % | 50,5 % | 31,5 % | 54,5 % | 54,1 % | 57,5 % | 53,3 % | **46,8 %** | **35 %** |
| **Гоце Делчев** | 48,7 % | 14,2 % | 22,7 % | 58,2 % | 52,6 % | 61,8 % | 43,4 % | **39,3 %** | **30 %** |
| **Никола Карев** | 46,4 % | 11,4 % | 19,7 % | 56,1 % | 50,0 % | 54,6 % | 50,0 % | **36,8 %** | **26 %** |
| **Скендер бег** | 37,5 % | 36,3 % | 24,4 % | 22,5 % | 14,4 % | 44,4 % | 52,4 % | **36,1 %** | **43 %** |

Слични се и ставовите на јавни/ информирани личности.

Повеќе настани од минатото и современоста се доживуваат како заеднички.

**Графикон 5.6. Заеднички настани за сите етнички заедници**




Натпревар на македонската фудбалска репрезентација и независноста на Македонија во 1991 г. најмногу се доживуваат како заеднички настани од граѓаните од сите етнички припадности. Значајно е дека и Охридскиот рамковен договор се доживува како заеднички настан од граѓаните од сите етнички припадности. Илинденското востание и АСНОМ се доживуваат како заеднички настани од граѓаните од сите етнички припадности, со исклучок на етничките Албанци (36,0 % и 30,1 %) и етничките Турци (43,7 % и 39,9 %).

**Табела 5.7. Заеднички настани за сите етнички заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Натпревар на македонската фудбалска репрезентација** | 73,8 % | 59,2 % | 59,7 % | 65,2 % | 81,4 % | 58,0 % | 84,0 % | **69,4 %** | **61 %** |
| **Независноста на Македонија во 1991 г.** | 67,8 % | 61,2 % | 71,0 % | 73,0 % | 80,9 % | 70,5 % | 93,4 % | **66,8 %** | **83 %** |
| **Евровизија** | 66,4 % | 62,6 % | 62,6 % | 58,2 % | 68,6 % | 58,0 % | 69,3 % | **65,0 %** | **52 %** |
| **Потпишување на Охридскиот рамковен договор** | 57,8 % | 78,5 % | 65,5 % | 64,8 % | 56,2 % | 70,5 % | 77,8 % | **63,7 %** | **70 %** |
| **Ослободување на Македонија од Отоманското царство** | 63,3 % | 52,9 % | 45,8 % | 69,3 % | 74,2 % | 65,2 % | 74,1 % | **60,5 %** | **52 %** |
| **Илинденско востание** | 61,6 % | 36,0 % | 43,7 % | 67,6 % | 56,7 % | 81,2 % | 58,0 % | **54,6 %** | **65 %** |
| **АСНОМ** | 60,6 % | 30,1 % | 39,9 % | 66,4 % | 61,3 % | 69,1 % | 72,2 % | **52,4 %** | **78 %** |

Слични се ставовите на јавни/ информирани личности, со повисоки ниво на прифаќање, вклучувајќи и за Илинденското востание (65,0 %) и за АСНОМ (78,0 %).

# Заклучоци

## Голема важност на познавање на другиот

За големо мнозинство од граѓаните (72 %) е важно познавањето на историјата и културата на другите етнички заедници. Граѓаните најмногу знаат за историјата и културата на етничките Македонци и за етничките Албанци, а најмалку за културата на етничките Бошњаци.

Етничките Македонци, по својата, најдобро ја познаваат историјата и културата на етничките Срби (18,2 %) и етничките Турци (11,8 %), етничките Албанци на етничките Македонци (23,7 %) и на Турците (12,3 %), а другите етнички групи по правило најдобро ги познаваат историјата и културата на етничките Македонци и на етничките Албанци.

### Подобрена почитта на културата на етничките Албанци

Последните пет години најмногу е подобрена почитта кон културата на етничките Албанци, е став на 44,6 % граѓани. Повеќето граѓани од сите етнички припадности сметаат дека е најмногу подобрена почитта на културата на етничките Албанци. По нив, најмногу е подобрена почитта на културата на етничките Македонци, етничките Турци и Роми, а најмалку на етничките Срби, Власите и Бошњаците.

### За и против нови заеднички вредности со приближна поддршка

Граѓаните се поделени во однос на потребата од нови заеднички вредности и практики, надвор од сопствените вредности и традиции. За нови заеднички вредности се 47,7 % од граѓаните, наспроти 46,4 % кои не се согласуваат. Мнозинството етнички Македонци (51,3 %) сметаат дека не се потребни нови заеднички вредности, а мнозинството етнички Албанци (57,1 %) сметаат дека се потребни. Мнозинството граѓани од другите етнички припадности сметаат дека се потребни нови заеднички вредности.

### Мајка Тереза, Борис Трајковски и Александар Македонски – заеднички личности

Мајка Тереза и Борис Трајковски се заеднички личности за граѓаните од сите етнички припадности, а Александар Македонски е заедничка личност за мнозинството граѓани од сите етнички припадности, со исклучок на етничките Македонци и етничките Турци. Гоце Делчев и Никола Карев се најмалку прифатливи заеднички личности за етничките Албанци (14,2 % и 11,4 %) и за Турците (22,7 % и 19,7 %). Скендер бег е прифатлив за заедничка личност за приближно малцинство на етнички Македонци (37,5 %) и на етнички Албанци (36,3 %).

### Независноста и фудбалот – заеднички настани

Натпревар на македонската фудбалска репрезентација и независноста на Македонија во 1991 г. најмногу се доживуваат како заеднички настани од граѓаните од сите етнички припадности. Значајно е дека и Охридскиот рамковен договор се доживува како заеднички настан од граѓаните од сите етнички припадности. Илинденското востание и АСНОМ се доживуваат како заеднички настани од граѓаните од сите етнички припадности, со исклучок на етничките Албанци (36 % и 30,1 %) и на Турците (43,7 % и 39,9 %).

# 6. СОЦИЈАЛНА БЛИЗИНА И ХОРИЗОНТАЛНА ПОВРЗАНОСТ

Социјалната близина (или дистанца) и хоризонталната поврзаност се истражувани преку личните искуства и ставови, ефектите на одредени институции врз меѓуетничките односи и социјалната близина и поврзаност во семејството, соседството, пријателствата, образованието, политичките партии, граѓанското општество и приватниот сектор/ работното место.

## 6.1. Лично искуство и основни ставови

Истражувани се личните искуства во меѓуетничките односи, како и ставовите за мешање и јазикот на комуникација.

**Графикон 6.1. Лично искуство со другите етнички заедници**




Големо мнозинство (79,4 %) од граѓаните има добро лично искуство со другите етнички заедници, наспроти 9,4 % кои имале лошо лично искуство. Најмногу добри искуства имале етничките Срби (92,3 %), а на другата страна се етничките Албанци (76,5 % добро искуство, 12,1 % лошо искуство).

Сите анкетирани јавни/ информирани личности имале добри лични искуства (100 %).

Мнозинството граѓани (59,2 %) верува дека повеќе мешање во сите области ќе води кон подобри меѓуетнички односи.

**Графикон 6.2. Повеќе мешање во сите области ќе води кон подобри меѓуетнички односи**




Во тоа верува мнозинството граѓани од сите етнички припадности. Најмногу во тоа веруваат етничките Бошњаци (81,1 %), а помалку етничките Македонци (53,8 %).

**Табела 6.1. Повеќе мешање за подобри меѓуетнички односи по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 53,8 % | 66,1 % | 78,1 % | 73,3 % | 77,3 % | 71,5 % | 81,1 % | **59,2 %** | **83 %** |
| **Не** | 43,4 % | 32,9 % | 19,7 % | 23,0 % | 19,6 % | 26,6 % | 16,5 % | **38,5 %** | **17 %** |

Дека употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници обезбедува добра комуникација со мнозинството, е став на 79,3 % од граѓаните.

**Графикон 6.3. Употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници обезбедува добра комуникација со мнозинството**




Ваквиот став е споделен меѓу мнозинството граѓани од сите етнички припадности. Најмногу во тоа веруваат етничките Срби (94,4 %), а помалку етничките Албанци (50,8 %).

**Табела 6.2. Употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Др. | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно** | 59,1 % | 17,6 % | 50,0 % | 59,8 % | 78,4 % | 66,2 % | 47,6 % | 70,0 % | 48,5 % |
| **Главно во повеќето случаи** | 30,1 % | 33,2 % | 33,2 % | 29,5 % | 16,0 % | 23,7 % | 37,7 % | 10,0 % | 30,7 % |
| **Да** | **89,2 %** | **50,8 %** | **83,2 %** | **89,3 %** | **94,4 %** | **89,9 %** | **85,3 %** | **80,0 %** | **79,2 %** |
| **Не** | **8,6 %** | **44,3 %** | **14,7 %** | **7,4 %** | **3,1 %** | **7,7 %** | **14,1 %** | **10,0 %** | **17,8 %** |
| **Делумно со поголеми заедници и подрачја со проблеми** | 5,9 % | 22,8 % | 11,3 % | 6,6 % | 2,6 % | 4,3 % | 9,4 % | 0,0 % | 10,4 % |
| **Воопшто не** | 2,7 % | 21,5 % | 3,4 % | 0,8 % | 0,5 % | 3,4 % | 4,7 % | 10,0 % | 7,4 % |
| **НЗ/БО** | 2,2 % | 4,8 % | 2,1 % | 3,3 % | 2,6 % | 2,4 % | 0,5 % | 10,0 % | 2,9 % |

Дека употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници обезбедува добра комуникација со мнозинството, се согласуваат мнозинството граѓани од сите региони, со највисока согласност кај вардарскиот (95,4 %) и источниот регион (92,2 %), просечна во скопскиот (85,7 %), пелагонискиот (86,7 %), југозападниот (76,7 %), а пониска во североисточниот (70 %), југоисточниот (67,7 %) и полошкиот регион (55,3 %).

Кај јавните/ информираните личности 96 % сметаат дека употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници обезбедува добра комуникација со мнозинството.

## 6.2. Ефекти на институциите врз меѓуетничките односи

Истражувани се начинот на доаѓање до информации за другите етнички групи и ефектите на институции врз меѓуетничките односи.

Граѓаните најчесто се информираат за другите етнички групи од медиумите (48,2 %), а потоа од лично искуство (17,9 %) и од образовниот систем (17,8 %).

**Графикон 6.4. Начин на информирање за другите етнички групи**




Начинот на доаѓање до информации е сличен кај граѓаните од различни етнички групи.

Јавните и информирани личности доаѓаат до информации пред сè преку лично искуство (43%).

Разлики меѓу социодемографските групи во начинот на доаѓање до информации се јавува кај граѓаните од различни региони.

**Табела 6.3. Начин на информирање за другите етнички групи по региони**

| | Скопски | ЈИ | Источен | СИ | Вард. | ЈЗ | Полог | Пел. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Родители и семејство** | 7,7 % | 2,3 % | 2,2 % | 4,0 % | 1,5 % | 3,3 % | 5,3 % | 6,9 % | **4,9 %** | **0 %** |
| **Образовен систем** | 14,0 % | 18,8 % | 18,5 % | 5,3 % | 20,8 % | 11,6 % | 19,2 % | 39,4 % | **17,8 %** | **13 %** |
| **Медиуми** | 46,8 % | 66,4 % | 61,9 % | 30,0 % | 50,8 % | 50,4 % | 50,0 % | 29,4 % | **48,2 %** | **26 %** |
| **Лично искуство** | 21,1 % | 7,8 % | 11,5 % | 41,3 % | 9,2 % | 20,7 % | 14,5 % | 13,3 % | **17,9 %** | **43 %** |
| **Др. луѓе околу мене** | 10,5 % | 4,7 % | 3,0 % | 13,3 % | 14,6 % | 12,0 % | 10,4 % | 9,2 % | **9,7 %** | **17 %** |

Најмалку до информации преку лично искуство доаѓаат граѓаните од југоисточниот (7,8 %) и од вардарскиот регион, како и од источниот регион. Повеќе лично искуство имаат граѓаните од скопскиот (21,1 %) и југозападниот (20,7%) регион, а најмногу во североисточниот регион (41,3 %), кој е и единствен регион каде граѓаните доаѓаат до информации за другите етнички групи повеќе низ лично искуство отколку преку медиумите.

Истражувани се и ефектите на соседството, училиштата, медиумите, политичките партии, граѓанското општество и приватниот сектор врз меѓуетничките односи. Семејството не е поставено како прашање поради очекуваната субјективност. Најпозитивен ефект на меѓуетничките односи има соседството (79,5 %), а најнегативен ефект имаат политичките партии (60,7 %).

**Графикон 6.5. Ефекти врз меѓуетничките односи на неколку институции/ институти**




Покрај соседството, големо мнозинство граѓани мислат дека позитивни ефекти врз меѓуетничките односи имаат и училиштата, граѓанскиот сектор и приватниот сектор. Мнозинство граѓани (52,6 %) мислат дека и медиумите имаат позитивен ефект, а со тоа не се согласуваат 45,1 %.

Ставовите на граѓаните не се разликуваат значително по етничка припадност. Етничките Македонци и Србите имаат помалку позитивни ставови за медиумите од другите етнички групи.

**Табела 6.4. Позитивни ефекти врз меѓуетничките односи на неколку институции/ институти по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Соседство** | 75,9 % | 88,2 % | 81,5 % | 73,8 % | 88,7 % | 76,8 % | 85,4 % | **79,5 %** | **56 %** |
| **Училишта/образование** | 72,7 % | 91,3 % | 78,6 % | 80,3 % | 59,3 % | 75,8 % | 91,5 % | **77,8 %** | **42 %** |
| **Граѓанско општество** | 78,4 % | 69,2 % | 72,3 % | 71,7 % | 77,8 % | 78,3 % | 70,8 % | **75,5 %** | **96 %** |
| **Приватен сектор** | 72,1 % | 72,3 % | 70,2 % | 69,7 % | 76,8 % | 73,4 % | 59,0 % | **72,0 %** | **83 %** |
| **Медиуми** | 48,6 % | 63,7 % | 58,0 % | 55,7 % | 26,3 % | 58,9 % | 46,2 % | **52,6 %** | **21 %** |
| **Политички партии** | 31,7 % | 44,3 % | 38,2 % | 48,8 % | 13,9 % | 48,3 % | 19,3 % | **35,3 %** | **4 %** |

Позначајни разлики има меѓу ставовите на граѓаните и јавните/ информираните личности. Јавните/ информираните личности имаат попозитивна перцепција на граѓанското општество и приватниот сектор, помалку позитивна на соседството и многу понегативна на медиумите и политичките партии. Мислењата на граѓаните и јавните/ информираните личности се во различна насока во оценката на ефектите на училиштата/ образованието: граѓаните мислат дека училиштата имаат позитивен ефект (77,8 %), а јавните/ информираните личности мислат дека има негативен ефект (48 %).

## 6.3. Семејство

Во социјалната близина, семејството е најголемата близина што може да се постигне.

Мешаните бракови се прифатливи за секој четврт граѓанин (25,6 %), а големо мнозинство граѓани (70,3 %) не се согласуваат со мешани бракови.

**Графикон 6.6. Поддршка за мешан брак на член семејството**




Поддршката за мешани бракови е поголема кај помалобројните етнички заедници и се движи од 38,6 % кај етничките Срби, до 68,6 % кај Власите.

Поддршката за мешани бракови е најмала кај етничките Албанци (13,5 %), етничките Турци (20,1 %) и етничките Македонци (28,7 %).

Поддршката за мешани бракови е поголема кај јавните/ информираните личности (73%).

**Табела 6.5. Поддршка за мешан брак на член на семејството по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно** | 13,0 % | 7,3 % | 11,3 % | 27,5 % | 24,7 % | 35,3 % | 25,0 % | 12,5 % | 43 % |
| **Главно** | 15,7 % | 6,2 % | 8,8 % | 20,1 % | 13,9 % | 33,3 % | 16,5 % | 13,2 % | 30 % |
| **Да** | **28,7 %** | **13,5 %** | **20,1 %** | **47,6 %** | **38,6 %** | **68,6 %** | **41,5 %** | **25,7 %** | **73 %** |
| **Не** | **67,4 %** | **83,1 %** | **71,4 %** | **48,4 %** | **51,1 %** | **30,9 %** | **57,1 %** | **70,3 %** | **22 %** |
| **Делумно** | 23,7 % | 17,0 % | 19,7 % | 27,9 % | 38,7 % | 18,8 % | 30,2 % | 22,2 % | 22 % |
| **Воопшто не** | 43,7 % | 66,1 % | 51,7 % | 20,5 % | 12,4 % | 12,1 % | 26,9 % | 48,1 % | 0 % |

Нема позначајни разлики по социодемографски групи. Мешаните бракови имаат поголема поддршка кај највозрасните над 65 г. (39,6 %), помала кај младите од 18 до 29 г. (19,7 %) и просечна поддршка кај другите возрасни групи.

## 6.4. Соседство

Соседството има најпозитивен ефект врз меѓуетничките односи, е став на 79,5 % од граѓаните (види графикон 6.5. и табела 6.4.). Влијанието на соседството е истражувано преку ставовите за етничката хомогеност на соседствата, изразеноста на етничкиот идентитет и поддршката на натамошна хомогенизација (иселување).

**Графикон 6.7. Соседи од сопствената етничка припадност**




47,4 % од граѓаните живеат во соседства каде сите се од нивната етничка група, а дополнително 32,8 % живеат во соседства каде повеќето се од нивната етничка група. Или четири од пет граѓани (80,2 %) живеат во соседства во кои сите или повеќето соседи се од иста етничка припадност.

15,2 % од граѓаните живеат во соседства каде половината или помалку од половината соседи се од нивна етничка група, односно во соседства со изразено присуство на други етнички групи.

Етничките Македонци (84,1 %) и етничките Албанци (78,5 %) најчесто живеат во етнички хомогени соседства, по што следуваат Ромите (73 %), а потоа другите етнички групи. Власите најчесто живеат во соседства каде нивната група не е мнозинска (60,8 %).

**Табела 6.6. Соседи од сопствената етничка припадност по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сите** | 49,4 % | 48,1 % | 31,1 % | 40,6 % | 42,8 % | 1,4 % | 11,3 % | **47,4 %** | 26 % |
| **Повеќето** | 34,7 % | 30,4 % | 24,4 % | 32,4 % | 19,1 % | 22,2 % | 35,8 % | **32,8 %** | 30 % |
| **Збир сите и повеќето** | **84,1 %** | **78,5 %** | **55,5 %** | **73,0 %** | **61,9 %** | **23,6 %** | **47,1 %** | **80,2 %** | **56 %** |
| **Половина** | 6,9 % | 9,3 % | 27,7 % | 14,8 % | 9,3 % | 14,0 % | 41,0 % | **8,9 %** | 39 % |
| **Помалку од половина** | 5,9 % | 8,0 % | 12,6 % | 7,0 % | 22,2 % | 40,1 % | 11,3 % | **7,3 %** | 4 % |
| **Ниту еден** | 3,1 % | 4,2 % | 3,8 % | 5,3 % | 6,7 % | 21,7 % | 0,5 % | **3,6 %** | 0 % |

Јавните/ информираните личности поретко живеат во етнички похомогени соседства (56 % наспроти 80,2 % од граѓаните).

Сите или повеќето соседи се од нивната етничка група кај 94,7 % од граѓаните од североисточниот регион, 92,9 % од југоисточниот, 93,9 % од вардарскиот, 89,2 % од источниот и 82,6% од пелагонискиот регион. Малку поретко тоа е случај во полошкиот (75,5 %), во југозападниот (73,6 %) и во скопскиот регион (71,6 %).

На можноста на мешање во соседствата значајно влијае **изразеноста на етничкиот идентитет** во нив. Мнозинство од граѓаните (55,7 %) мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет, а 34,5 % мислат дека нивното соседство е етнички неутрално, а 7,3 % мислат дека е споделен простор.

**Графикон 6.8. Изразеност на етнички идентитет на соседството**




51,5 % од етничките Македонци мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет, а 41,2 % мислат дека нивното соседство е етнички неутрално. 68,9 % од етничките Албанци мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет.

**Табела 6.7. Изразеност на етнички идентитет на соседството по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Простор со јасно изразен етнички идентитет** | 29,7 % | 43,3 % | 16,4 % | 33,6 % | 42,8 % | 14,5 % | 16,5 % | **32,7 %** | 26 % |
| **Простор со главно изразен етнички идентитет** | 21,8 % | 25,6 % | 28,6 % | 19,3 % | 22,2 % | 21,3 % | 25,0 % | **23,0 %** | 30 % |
| **Збир на јасно и главно** | **51,5 %** | **68,9 %** | **45,0 %** | **52,9 %** | **65,0 %** | **35,8 %** | **41,5 %** | **55,7 %** | **56 %** |
| **Простор кој е неутрален (нема етнички обележја)** | 41,2 % | 18,3 % | 33,2 % | 34,8 % | 22,7 % | 40,1 % | 24,1 % | **34,5 %** | 39 % |
| **Простор кој е споделен (има етнички обележја на повеќе групи)** | 4,8 % | 10,0 % | 19,3 % | 11,1 % | 10,3 % | 23,7 % | 33,5 % | **7,3 %** | 4 % |

Граѓаните од североисточниот (72,7 %) и од полошкиот (69,1 %), од југозападниот (60,7 %), од југоисточниот (60,3 %) и од скопскиот (57,7 %) мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет.

Дали би дошло до понатамошна етничка хомогенизација на соседствата е истражувано преку ставот за иселување во случај на промена на етничката структура.

**Графикон 6.9. Иселување при промена на етничката структура на соседството**




Во случај на промена на етничката структура на соседството, не би се иселиле два од три граѓани (66,6 %), а еден од пет граѓани (19,1 %) би се иселил, додека 14,2 % не знаат или немаат одговор.

Најмалку граѓани кои би се иселиле има во скопскиот регион (13,8 %), потоа во југозападниот (15,9 %), во полошкиот (16,7 %), во југоисточниот (19 %), во пелагонискиот (20,3 %), во источниот 22,8 %, а најмногу во североисточниот (34 %) и во вардарскиот (29,8 %).

**Табела 6.8. Иселување при промена на етничката структура на соседството по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 23,2 % | 10,0 % | 13,4 % | 20,5 % | 16,0 % | 11,6 % | 6,1 % | **19,1 %** | **4 %** |
| **Не** | 63,0 % | 74,4 % | 72,3 % | 68,4 % | 69,1 % | 80,2 % | 67,0 % | **66,6 %** | **83 %** |
| **НЗ/ БО** | 13,7 % | 15,6 % | 14,3 % | 11,1 % | 14,9 % | 8,2 % | 26,9 % | **14,25 %** | **13 %** |

## 6.5. Социјализација/контакти и комуникација

Во однос на социјализацијата преку пријателства, еден од три граѓани (31,6 %) нема пријател од друга етничка припадност, односно сите негови пријатели се од неговата етничка група.

**Графикон 6.10. Пријатели од сопствената етничка група**




35,6 % од етничките Македонци, 27,7 % од етничките Албанци и 25,3 % од Ромите немаат пријатели од друга етничка припадност.

**Табела 6.9. Пријатели од сопствената етничка група по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сите** | 35,6 % | 27,7 % | 17,6 % | 25,4 % | 7,2 % | 5 % | 5,7 % | **31,6 %** | **0 %** |
| **Повеќето** | 53,1 % | 53,3 % | 46,6 % | 41,0 % | 29,4 % | 20,3 % | 34,0 % | **51,7 %** | **52 %** |
| **Половина** | 7,7 % | 14,2 % | 22,3 % | 21,7 % | 37,6 % | 32,4 % | 42,0 % | **11,3 %** | **22 %** |
| **Помалку од половина** | 3,2 % | 3,1 % | 11,8 % | 10,2 % | 22,7 % | 41,5 % | 17,9 % | **4,4 %** | **17 %** |
| **Ниту еден** | 0,1 % | 1,0 % | 1,3 % | 1,6 % | 2,6 % | 4,8 % | 0,5 % | **0,6 %** | **9 %** |

Најмалку пријатели од друга етничка група имаат граѓаните од источниот регион, на 52,8 % граѓаните сите пријатели им се од нивната етничка група. Најмногу можност за пријателства

со други етнички групи има во скопскиот регион каде 16,4 % од граѓаните немаат пријател од друга етничка група, а 26,4 % од граѓаните имаат пријателства каде половина или помалку од половина пријатели се од иста етничка група.

Големо мнозинство (81,5 %) граѓани поддржува повеќе мешање во спорт и забава.

**Графикон 6.11. Поддршка на повеќе мешање во спорт и забава**




Поддршката е меѓу големо мнозинство на граѓаните од сите етнички припадности.

Поддршката е малку пониска од просечната меѓу етничките Албанци (75,4 %), како и во полошкиот регион (78,3 %), во пелагонискиот регион (67,7 %) и во југозападниот регион (62,3 %).

**Табела 6.10. Поддршка на повеќе мешање во спорт и забава по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 82,4 % | 75,4 % | 84,5 % | 94,3 % | 96,9 % | 96,2 % | 95,3 % | **81,4 %** | **100 %** |
| **Не** | 16,8 % | 22,9 % | 13,4 % | 3,7 % | 2,0 % | 3,4 % | 4,7 % | **17,4 %** | **0 %** |

## 6.6. Образование

Образованието тука се анализира од аспект на хоризонтално поврзување, преку ставовите за изучување на јазиците на другиот, подготовка за мултикултурно општество, прифаќање на комплексноста на историјата, како и дали училиштата имаат етнички идентитети и дали постои заплашување на етничка основа.

17,8 % од граѓаните ги добиваат информациите за другите етнички групи од образовниот систем (види графикон 6.4.), а 77,8 % од граѓаните мислат дека образованието има позитивен ефект на меѓуетничките односи (види графикон 6.5.).

Во однос на **изучувањето на јазиците на другите етнички групи**, 48,7 % од граѓаните сметаат дека тие требаат да се изучуваат секогаш и најчесто. 18,4 % од граѓаните сметаат дека не треба да се изучуваат јазиците на другиот.

**Графикон 6.12. Потреба да се изучуваат јазиците на другите етнички заедници**




Поддршката за изучување на јазиците на другите етнички заедници меѓу етничките Македонци е 38,5 %, а 34,3 % сметаат дека треба да се изучуваат во некои случаи, а секој четврти (24,4 %) мисли дека не треба да се изучуваат.

**Табела 6.11. Потреба да се изучуваат јазиците на другите етнички заедници по етн. припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Секогаш** | 16,9 % | 43,6 % | 34,0 % | 36,9 % | 20,6 % | 34,3 % | 48,1 % | **25,5 %** | **43 %** |
| **Најчесто** | 21,6 % | 24,2 % | 33,2 % | 33,6 % | 21,1 % | 31,4 % | 39,6 % | **23,2 %** | **35 %** |
| **Во некои случаи** | 34,3 % | 22,5 % | 20,6 % | 22,1 % | 36,1 % | 28,0 % | 9,9 % | **30,2 %** | **22 %** |
| **Не** | 24,4 % | 6,9 % | 10,1 % | 3,7 % | 18,0 % | 4,3 % | 0,9 % | **18,4 %** | **0 %** |

Најголема поддршка за изучување на јазиците на другите етнички заедници има во полошкиот регион (67,4 % збир секогаш и најчесто) и во скопскиот (58,5 %), а најмала во

југоисточниот регион (22,8 %) во кој регион 58,3 % од граѓаните сметаат дека изучувањето треба да биде во одредени случаи. Најмногу противници на изучувањето има во пелагонискиот регион каде 41,7 % од граѓаните не сметаат дека треба да се изучуваат јазици на други етнички групи.

**На прашањето колку** образовниот систем соодветно ги подготвува учениците за живот во разнолико општество**, мнозинството граѓани сметат дека тоа не е случај (54,3 %).**

**Графикон 6.13. Образовниот систем соодветно ги подготвува учениците за живот во разнолико општество**




Ставот дека образовниот систем не ги подготвува учениците за живот во разнолико општество е споделен меѓу етничките Македонци (57,3 %) и етничките Албанци (51,2 %).

**Табела 6.12. Образовниот систем соодветно ги подготвува учениците за живот во разнолико општество по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 38,6 % | 45,3 % | 60,1 % | 59,0 % | 27,3 % | 39,2 % | 63,7 % | **41,7 %** | **35 %** |
| **Не** | 57,3 % | 51,2 % | 36,2 % | 35,3 % | 63,9 % | 54,6 % | 34,4 % | **54,3 %** | **65 %** |

Мнозинство од граѓаните во североисточниот регион (67,1 %), полошкиот (60,8 %), југоисточниот (59,5 %), скопскиот (59 %) и пелагонискиот (52,1 %) мислат дека образовниот систем не ги подготвува учениците за живот во разнолико општество, а спротивно мислење имаат мнозинство граѓани од вардарскиот регион (63,8 %).

На прашањето колку **образовниот систем соодветно го гради разбирањето на учениците за постоењето повеќе различни погледи на историјата**, мнозинството граѓани сметаат дека тоа не е случај (53,9 %).

**Графикон 6.14. Образовниот систем соодветно го гради разбирањето на учениците за постоењето повеќе различни погледи на историјата**




Ставот дека образовниот систем не го гради соодветно разбирањето на учениците за постоење различни погледи на историјата е споделено меѓу мнозинството етнички Македонци (52,4 %) и етнички Албанци (60,2 %).

**Табела 6.13. Образовниот систем соодветно го гради разбирањето на учениците за постоењето повеќе различни погледи на историјата по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 41,9 % | 34,6 % | 47,1 % | 51,3 % | 17,5 % | 34,3 % | 60,4 % | **40,2 %** | **26 %** |
| **Не** | 52,4 % | 60,2 % | 45,8 % | 35,2 % | 73,7 % | 61,8 % | 36,3 % | **53,9 %** | **74 %** |

Дали се или не се **училиштата простор со изразен етнички идентитет**, е прашањето на кое 49,7 % од граѓаните одговориле дека училиштата се простор со јасно или главно изразен етнички идентитет, а 38 % сметаат дека се простор кој е неутрален.

**Графикон 6.15. Изразеност на етнички идентитет на училиштето во околината**




Етничките Македонци почесто го перципираат училиштето во нивната околина како неутрално (44,4 %), отколку како простор со јасен и главно изразен етнички идентитет (43,8 %). Од друга страна, мнозинството етничките Албанци (67,5 %) го перципираат училиштето во нивната околина простор со јасен и главно изразен етнички идентитет.

**Табела 6.16. Изразеност на етнички идентитет на училиштето по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Простор со јасно изразен етнички идентитет** | 22,1 % | 42,2 % | 15,5 % | 18,4 % | 47,4 % | 13,5 % | 20,3 % | **27,3 %** | **26 %** |
| **Простор со главно изразен етнички идентитет** | 21,7 % | 25,3 % | 23,9 % | 16,8 % | 13,9 % | 19,8 % | 26,4 % | **22,4 %** | **43 %** |
| **Збир на јасно и главно** | 43,80 % | 67,50 % | 39,40 % | 35,20 % | 61,30 % | 33,30 % | 46,70 % | **49,7 %** | **69 %** |
| **Простор кој е неутрален (нема етнички обележја)** | 44,4 % | 22,1 % | 40,8 % | 37,3 % | 28,9 % | 49,8 % | 19,8 % | **38,0 %** | **30 %** |
| **Простор кој е споделен (има етнички обележја на повеќе групи)** | 8,1 % | 7,6 % | 14,7 % | 23,8 % | 7,7 % | 10,6 % | 30,7 % | **8,9 %** | **0 %** |

Дали училиштата се место каде учениците од сите етнички припадности се добредојдени, зависи и од перцепцијата за **застрашување на ученици поради нивната етничка припадност**.

**Графикон 6.16. Застрашување на учениците поради нивната етничка припадност**




Дека никогаш нема застрашување, сметаат 44,2 % од граѓаните, дека тоа повремено се случува, смета секој трет граѓанин (34 %) и често -11,2 %.

Почесто застрашување ученици поради нивната етничка припадност перципираат Ромите (33,6 % понекогаш, 31,6 % често).

**Табела 6.17. Застрашување на учениците поради нивната етничка припадност по етн. прип.**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Често** | 10,1 % | 12,8 % | 8,4 % | 31,6 % | 3,6 % | 12,1 % | 11,3 % | **11,2 %** | **13 %** |
| **Повремено** | 31,0 % | 41,9 % | 41,2 % | 33,6 % | 14,4 % | 35,7 % | 40,1 % | **34,0 %** | **61 %** |
| **Никогаш** | 44,5 % | 42,9 % | 45,0 % | 28,7 % | 72,2 % | 40,6 % | 39,6 % | **44,2 %** | **17 %** |
| **НЗ/ БО** | 14,4 % | 2,4 % | 5,5 % | 6,1 % | 9,8 % | 11,6 % | 9,0 % | **10,6 %** | **9 %** |

Повисока перцепција за застрашување на учениците постои во скопскиот регион (56,2 % збир на повремено и често) и во полошкиот регион (53,5 %).

## 6.7. Медиуми

Медиумите се тука истражувани од аспект на хоризонтално поврзување, и тоа преку потребата на повеќе повеќејазични и мултикултурни програми и влијанието на саталетските телевизии и социјалните медиуми.

Медиумите се од големо значење за меѓуетничките односи, бидејќи граѓаните информациите за другите етнички заедници најчесто (48,2 %) ги добиваат од медиумите (види графикон 6.1.). Од друга страна, поделено е мислењето за нивниот ефект врз меѓуетничките односи: 52,6 % го сметаат за позитивен, а 45,1 % го сметаа за негативен (види графикон 6.2.).

Во однос на **потребата од повеќе двојазични или повеќејазични програми и други мултикултурни содржини на медиумите,** граѓаните се поделени: 48,5 % сметаат дека нема потреба и 47 % сметаат дека постои таква потреба.

**Графикон 6.19. Потреба од повеќе двојазични или повеќејазични програми и други мултикултурни содржини на медиумите**




Поддршката за повеќе мултикултурни содржини во медиумите е најголема меѓу етничките Бошњаци (91,5%), а најмала меѓу етничките Македонци (30,6%). Висока поддршка постои и меѓу јавните/ информираните личности (91 %).

Мнозинството граѓани од полошкиот регион (61,1 %), од југозападниот (55,6 %), од скопскиот (53 %) и од северо-источниот (51 %) поддржуваат повеќе мултикултурни содржини во медиумите, а поддршката е најмала во југоисточниот регион (22 %).

**Табела 6. 18. Потреба од повеќе двојазични или повеќејазични програми и други мултикултурни содржини на медиумите по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно** | 11,1 % | 49,1 % | 47,1 % | 47,5 % | 21,1 % | 44,9 % | 62,3 % | **23,9 %** | 52 % |
| **Главно** | 19,5 % | 28,7 % | 40,3 % | 34,4 % | 12,4 % | 34,8 % | 29,2 % | **23,1 %** | 39 % |
| **Да** | **30,6 %** | **77,8 %** | **87,4 %** | **81,9 %** | **33,5 %** | **79,7 %** | **91,5 %** | **47,0 %** | **91 %** |
| **Не** | **63,0 %** | **21,8 %** | **11,4 %** | **14,7 %** | **60,3 %** | **18,3 %** | **8,5 %** | **48,5 %** | **8 %** |
| **Само некогаш** | 33,2 % | 18,0 % | 9,7 % | 13,1 % | 20,1 % | 14,0 % | 8,0 % | **27,3 %** | 4 % |
| **Воопшто не** | 29,8 % | 3,8 % | 1,7 % | 1,6 % | 40,2 % | 4,3 % | 0,5 % | **21,2 %** | 4 % |
| **НЗ/ БО** | 6,4 % | 0,3 % | 1,3 % | 3,3 % | 6,2 % | 1,9 % | 0 % | **4,5 %** | 0 % |

Мнозинството граѓани (50,7 %) сметаат дека сателитските/ кабелските телевизии и интернетот на јазиците на немнозинските заедници емитувани од странски (соседни земји) го подобруваат информирањето на мајчин јазик. Секој петти граѓанин (19,9 %) смета дека следењето странски програми ја зголемува дистанцата меѓу етничките Македонци и немнозинските заедници.

**Графикон 6..20. Мислење за сателитските/ кабелските телевизии и интернетот на јазиците на немнозинските заедници емитувани од странски (соседни) земји**




Во однос на **влијанието на социјалните медиуми врз меѓуетничките о**дноси, поделен е ставот за нивното позитивно (42,7 %) или негативно влијание (45,9 %).

**Графикон 6.21. Социјалните медиуми (фејсбук и др.) позитивно влијаат на зближување на етничките заедници во Македонија**




Од друга страна, јавните информирани личности имаат попозитивен поглед на социјалните медиуми и 65 % од нив сметаат дека социјалните медиуми имаат позитивно влијание на зближувањето.

Етничките Македонци и етничките Албанци го споделуваат ставот за негативното влијание на социјалните медиуми што не се случај со повеќето од другите заедници кои имаат позитивен став.

**Табела 6.19. Социјалните медиуми (фејсбук и др.) позитивно влијаат на зближување на етничките заедници во Македонија по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 43,2 % | 34,6 % | 65,1 % | 50,9 % | 71,2 % | 61,9 % | 33,0 % | **42,7 %** | **65 %** |
| **Не** | 45,3 % | 54,7 % | 26,0 % | 29,9 % | 15,4 % | 27,1 % | 43,4 % | **45,9 %** | **26 %** |
| **НЗ/ БО** | 11,3 % | 10,7 % | 8,8 % | 19,3 % | 13,4 % | 11,1 % | 23,6 % | **11,4 %** | **9 %** |

# 6.8. Политички партии

Истражувани се ставовите на граѓаните за политичките партии и мултикултурноста.

Политичките партии се единствените кои се оценети дека имаат негативен ефект (60,7 %) врз меѓуетничките односи (види графикон 6.2).

Во однос на прашањето дали **политичките партии треба да бидат мултикултурни**, мнозинство граѓани (65,7 %) се изјасниле позитивно.

**Графикон 6.22. Политичките партии треба да бидат мултикултурни**




Етничките Македонци (65 %) и етничките Албанци (60,2 %) се за мултикултурни политички партии, а другите етнички заедници се за мултикултурни политички партии во поголем процент.

Овој став е во контрадикторност со ставот дека 61,7 % од граѓаните не би гласале за кандидат од друга етничка група (Стојанова Д., 2011).

Не постојат значајни разлики меѓу симпатизерите на различните политички партии, пр. 63,5 % од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, 70,3 % од тие на СДСМ и околу 60 % од тие на ДУИ и ДПА поддржуваат мултикултурни политички партии.

**Табела 6.20. Потреба од мултикултурни политички партии по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 65,0 % | 60,2 % | 84,4 % | 88,1 % | 78,9 % | 84,1 % | 88,2 % | **65,8 %** | **100 %** |
| **Не** | 28,6 % | 36,3 % | 11,3 % | 4,9 % | 14,4 % | 12,6 % | 9,0 % | **28,7 %** | **0 %** |
| **НЗ/ БО** | 6,4 % | 3,5 % | 4,2 % | 7,0 % | 6,7 % | 3,4 % | 2,8 % | **5,6 %** | **0 %** |

Очекувања за мултикултурни политички партии имаат граѓаните од сите региони, а за тоа најмала е поддршката во југоисточниот, во полошкиот и во пелагонискиот регион (околу 47 %).

Доколку граѓаните се за мултикултурни партии, мнозинството граѓани (63,6 %) сметаат дека мултикултурноста не е одразена во програмите и раководствата на политичките партии.

**Графикон 6.23. Мултикултурата е одразена во програмите и раководствата на политичките партии**




Таквата перцепција е споделена меѓу граѓаните од сите етнички групи, со одредени разлики. Највисока перцепција од 41 % за мултикултурноста на политичките партии имаат Ромите, а најниска од 19,8 % Власите.

Не постојат значајни разлики меѓу симпатизерите на различните политички партии.

**Табела 6.21. Мултикултурата е одразена во програмите и раководствата на политичките партии по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 33,7 % | 23,9 % | 31,0 % | 41,0 % | 11,8 % | 19,8 % | 39,6 % | **30,9 %** | **17 %** |
| **Не** | 60,1 % | 73,3 % | 58,4 % | 51,3 % | 79,4 % | 72,0 % | 58,0 % | **63,7 %** | **82 %** |
| **НЗ/ БО** | 6,2 % | 2,8 % | 10,5 % | 7,8 % | 8,8 % | 8,2 % | 2,4 % | **5,5 %** | **0 %** |

Политичките лидери не се пример за мултикултура, сметаат големо мнозинство граѓани (72,8 %).

**Графикон 6.24. Лидерите/ раководствата на политичките партии се пример за мултикултура**




Таквата перцепција е споделена меѓу граѓаните од сите етнички групи, со одредени разлики. Највисока перцепција од 35,7 % дека лидерите се пример имаат Ромите, а најниска од 4,1 % етничките Власи.

Не постојат значајни разлики меѓу симпатизерите на различните политички партии.

**Табела 6.22. Лидерите/ раководствата на политичките партии се пример за мултикултура по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 22,8 % | 17,7 % | 25,6 % | 35,7 % | 4,1 % | 14,9 % | 31,1 % | **21,6 %** | **8 %** |
| **Не** | 71,2 % | 78,2 % | 66,0 % | 58,6 % | 89,7 % | 82,2 % | 66,0 % | **72,8 %** | **92 %** |
| **НЗ/ БО** | 6,0 % | 4,2 % | 8,4 % | 5,7 % | 6,2 % | 2,9 % | 2,8 % | **5,6 %** | **0 %** |

## 6.9. Граѓанско општество

Големо мнозинство (75,5 %) граѓани мисли дека граѓанското општество има позитивен ефект на меѓуетничките односи (види графикон 6.4.).

Во однос на желбата од личен ангажман за подобрување на мултикултурата, лично би се ангажирале 66,3 % од граѓаните, а не би се ангажирале 26,9 % од граѓаните.

**Графикон 6.25. Намера за личен ангажман за подобрување на мултикултурата**




Лично би се ангажирале мнозинство граѓани од сите етнички припадности.

Најмногу лично би се ангажирале во скопскиот регион (76 %), во североисточниот (73,2 %) и во полошкиот (72,3 %), а најмалку во југоисточниот (47,2 %).

**Табела 6.23. Намера за личен ангажман за подобрување на мултикултурата по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да/ во зависност (збир)** | 60,1 % | 77,8 % | 75,7 % | 83,2 % | 69,1 % | 85,0 % | 84,9 % | **66,3 %** | **96,0 %** |
| **Не** | 33,2 % | 14,9 % | 19,3 % | 12,3 % | 19,6 % | 10,1 % | 10,8 % | **26,9 %** | **0 %** |
| **НЗ/ БО** | 6,7 % | 7,3 % | 5,0 % | 4,5 % | 11,3 % | 4,8 % | 4,2 % | **6,8 %** | **4 %** |

## 6.10. Работното место и приватен сектор

Влијанието на работното место (и на приватниот сектор, под претпоставка дека најголем дел од вработените се во тој сектор) е анализирано преку прифатливоста да се работи и да се биде раководен од друга етничка припадност и етничката обоеност на работните простории.

Во однос на прифатливоста на **работа во етнички мешана средина**, тоа е прифатливо за големо мнозинство (71,5 %) од граѓаните. Секој четврт граѓанин не би работел во етнички мешана средина.

**Графикон 6.26. Прифатливост на работа во етнички мешана средина**




Работа во етнички мешана средина е прифатлива за граѓаните од сите етнички припадности, а најприфатлива за помалобројните заедници.

Најприфатлива е работата во етнички мешани средини за граѓаните во скопскиот регион (76 %), а најмалку прифатлива во југоисточниот регион (45,7 %).

**Табела 6.24. Прифатливост на работа во етнички мешана средина по етн. припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 67,3 % | 75,4 % | 83,2 % | 91,0 % | 91,2 % | 88,9 % | 98,6 % | **71,5 %** | 100 % |
| **Не** | 28,9 % | 21,4 % | 14,7 % | 8,6 % | 4,6 % | 7,2 % | 0,9 % | **25,0 %** | 0 % |
| **НЗ/ БО** | 3,8 % | 3,1 % | 2,1 % | 0,4 % | 4,1 % | 3,9 % | 0,5 % | **3,5 %** | 0 % |

Погорната перцепција е потврдена и со ставот дека 68,4 % од граѓаните не би избегнале барање работа во подрачје каде е главно друга етничка припадност.

**Графикон 6.27. Избегнување барање на работа во подрачје каде е главно друга етничката припадност**




**Табела 6.25. Избегнување барање на работа во подрачје каде е главно друга етничката припадност по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 27,3 % | 32,5 % | 16,0 % | 13,5 % | 13,9 % | 10,6 % | 8,5 % | **27,3 %** | **8 %** |
| **Не** | 67,5 % | 65,0 % | 80,7 % | 84,8 % | 78,4 % | 85,1 % | 91,0 % | **68,4 %** | **92 %** |
| **НЗ/ БО** | 5,2 % | 2,4 % | 3,4 % | 1,6 % | 7,7 % | 4,3 % | 0,5 % | **4,3 %** | **0 %** |

Повеќе граѓани (41,3%) го перципираат работниот простор како неутрален, отколку граѓани (34,8 %) кои го перципираат како простор со јасно и главно изразен етнички идентитет.

**Графикон 6.28. Изразеност на етнички идентитет во работниот простор**




Од сите етнички припадности, само мнозинството (61,6 %) етнички Албанци го перципираат работен простор како простор со изразен етнички идентитет.

**Табела 6.26. Изразеност на етнички идентитет во работниот простор по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јасно/ главно изразен етнички идентитет (збир)** | 29,7 % | 51,6 % | 26,1 % | 20,9 % | 31,4 % | 30,5 % | 20,7 % | **34,8 %** | **22,0 %** |
| **Простор кој е неутрален (нема етнички обележја)** | 46,4 % | 29,8 % | 44,1 % | 38,5 % | 21,1 % | 50,7 % | 37,7 % | **41,3 %** | **61 %** |
| **Простор кој е споделен (има етнички обележја на повеќе групи)** | 6,3 % | 7,6 % | 12,2 % | 14,8 % | 8,8 % | 10,1 % | 34,4 % | **7,4 %** | **4 %** |
| **НЗ/ БО** | 17,6 % | 11,1 % | 17,6 % | 25,8 % | 38,7 % | 8,7 % | 7,1 % | **16,5 %** | **13 %** |

На мнозинството граѓани (59,9 %) им е прифатливо да работат под раководство на лице од друга етничка припадност.

**Графикон 6.29. Прифатливо на работа под раководство на лице од друга етничка припадност**




Работа под раководство на лице од друга етничка припадност е прифатливо за граѓаните од сите етнички припадности, а најприфатлива за помалобројните заедници.

**Табела 6.27. Прифатливо на работа под раководство на лице од друга етничка припадност по етничка припадност**

| | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срп. | Влаш. | Бош. | Вк. | ЈИЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | 57,3 % | 58,4 % | 74,8 % | 89,3 % | 71,2 % | 91,8 % | 84,4 % | **59,8 %** | **87 %** |
| **Не** | 38,0 % | 39,1 % | 21,4 % | 9,8 % | 23,7 % | 5,8 % | 15,1 % | **36,2 %** | **13 %** |

# Заклучоци

### Добри лични искуства, поддршка на повеќе мешање и македонскиот јазик е добра основа за комуникација

Големо мнозинство (79,4 %) од граѓаните има добро лично искуство со другите етнички заедници, наспроти 9,4 % кои имале лошо лично искуство.

Мнозинството граѓани (59,2 %) верува дека повеќе мешање во сите области ќе води кон подобри меѓуетнички односи. Во тоа верува мнозинството граѓани од сите етнички припадности. Најмногу во тоа веруваат етничките Бошњаци (81,1 %), а помалку етничките Македонци (53,8 %).

Дека употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници обезбедува добра комуникација со мнозинството, е став на 79,3 % од граѓаните. Ваквиот став е споделен меѓу мнозинството граѓани од сите етнички припадности. Најмногу во тоа веруваат етничките Срби (94,4 %), а помалку етничките Албанци (50,8 %).

### Најголема поддршка за мешање во спорт и забава, на работно место, посакувана во политички партии, а најмала за мешани бракови

Мнозинството граѓани (59,2 %) верува дека повеќе мешање во сите области ќе води кон подобри меѓуетнички односи. Големо мнозинство (81,5 %) граѓани поддржува повеќе мешање во спорт и забава. Во однос на прифатливоста на работа во етнички мешана средина, тоа е прифатливо за големо мнозинство (71,5 %) од граѓаните. Мнозинство граѓани (65,7 %), од сите етнички припадности, сметаат дека политичките партии треба да бидат мултикултурни. Мешаните бракови се прифатливи за секој четврт граѓанин (25,6 %), а големо мнозинство граѓани (70,3 %) не се согласуваат со мешани бракови.

### Работното место со најмалку, а соседството со најмногу изразен етнички идентитет

Како простор со јасно или со главно изразен етнички идентитет, граѓаните ги сметаат најмногу соседствата (55,7 %), училиштата (49,7 %) и најмалку работниот простор (34,8 %). И обратно, како најнеутрален или споделен простор се перципира работниот простор (48,7 %), потоа училиштата (46,9 %) и на крајот соседствата (41,8 %).

### Медиумите главен извор на информации за другиот, соседството со најпозитивни, а политичките партии со најнегативни ефекти врз меѓуетничките односи

Граѓаните најчесто се информираат за другите етнички групи од медиумите (48,2 %), а потоа од лично искуство (17,9 %) и од образовниот систем (17,8 %). Најмалку до информации преку лично искуство доаѓаат граѓаните од југоисточниот регион (7,8 %) и од вардарскиот и од источниот регион. Повеќе лично искуство имаат граѓаните од скопскиот (21,1 %) и од југозападниот (20,7 %), а најмногу од североисточниот регион (41,3 %).

Најпозитивен ефект на меѓуетничките односи има соседството (79,5 %), а најнегативен ефект имаат политичките партии (60,7 %). Покрај соседството, големо мнозинство граѓани мислат дека позитивни ефекти врз меѓуетничките односи имаат и училиштата, граѓанскиот сектор и приватниот сектор. Мнозинство граѓани (52,6 %) мисли дека и медиумите имаат позитивен ефект, а со тоа не се согласуваат 45,1 %. Ставовите на граѓаните не се разликуваат значително по етничка припадност.

### Секој четврти граѓанин поддржува мешан брак на член на семејството

Мешаните бракови се прифатливи за секој четврт граѓанин (25,6 %), а големо мнозинство граѓани (70,3 %) не се согласуваат со мешани бракови. Поддршката за мешани бракови е поголема кај помалобројните етнички заедници и се движи од 38,6 % кај етничките Срби, до 68,6 % кај Власите. Поддршката за мешани бракови е најмала кај етничките Албанци (13,5 %), етничките Турци (20,1 %) и етничките Македонци (28,7 %).

Поддршката за мешани бракови е поголема кај јавните/ информираните личности (73 %).

### Живееме во етнички хомогени соседства кои имаат изразен етнички идентитет, но не би се иселиле од нив

Четири од пет граѓани (80,2 %) имаат перцепција дека живеат во соседства во кои сите или повеќето соседи се од иста етничка припадност. 15,2 % од граѓаните живеат во соседства каде половината или помалку од половината соседи се од нивна етничка група, односно во соседства со изразено присуство на други етнички групи. Етничките Македонци (84,1 %) и етничките Албанци (78,5 %) најчесто живеат во етнички хомогени соседства, по што следуваат Ромите (73 %), а потоа другите етнички групи. Најчесто етнички хомогени соседства се перципираат во североисточниот регион (94,7 %), а поретко во скопскиот регион (71,6 %).

На можноста на мешање во соседствата значајно влијае **изразеноста на етничкиот идентитет** во нив. Мнозинство од граѓаните (55,7 %) мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет, а 34,5 % мислат дека нивното соседство е етнички неутрално и 7,3 % мислат дека е споделен простор. 51,5 % од етничките Македонци мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет, а 41,2 % мислат дека нивното соседство е етнички неутрално. 68,9 % од етничките Албанци мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет.

Во случај на промена на етничката структура на соседството, не би се иселиле два од три граѓани (66,6 %), а еден од пет граѓани (19,1 %) би се иселил, додека 14,2 % не знаат или немаат одговор.

### Малку пријатели од друга етничка припадност, но со поддршка за повеќе мешање во спорт и забава

Во однос на социјализацијата преку пријателства, еден од три граѓани (31,6 %) нема пријател од друга етничка припадност, односно сите негови пријатели се од неговата етничка група. 35,6 % од етничките Македонци, 27,7 % од етничките Албанци и 25,3 % од Ромите немаат пријатели од друга етничка припадност. Најмалку пријатели од друга етничка група имаат граѓаните од источниот регион, на 52,8 % граѓаните сите пријатели им се од нивната етничка група. Најмногу можност за пријателства со други етнички групи има во скопскиот регион каде 26,4 % од граѓаните имаат пријателства каде половина или помалку од половина пријатели се од иста етничка група.

Големо мнозинство (81,5 %) граѓани поддржува повеќе мешање во спорт и забава.

Поддршката е меѓу големо мнозинство на граѓаните од сите етнички припадности.

### Поддршка за образовен систем во функција на мултикултурно општество

Граѓаните поддржуваат изучување на јазиците на другите етнички групи, подобра подготовка за мултикултурализам и за комплексноста на историјата.

48,7 % од граѓаните сметаат дека јазиците на другите етнички заедници треба да се изучуваат. 18,4 % од граѓаните сметаат дека не треба да се изучуваат јазиците на другиот. Поддршката за изучување на јазиците на другите етнички заедници меѓу етничките Македонци е 38,5 %, а 34,3 % сметаат дека треба да се изучуваат во некои случаи, а секој четврти (24,4 %) мисли дека не треба да се изучуваат. Најголема поддршка за изучување на јазиците на другите етнички заедници има во полошкиот регион (67,4 % збир секогаш и најчесто) и во скопскиот (58,5 %), а најмала во југоисточниот регион (22,8 %) во кој регион 58,3 % од граѓаните сметаат дека изучувањето треба да биде во одредени случаи.

Мнозинството граѓани (54,3 %) сметаат дека образовниот систем **несоодветно ги подготвува учениците за живот во разнолико општество**. Мнозинство граѓани (53,9 %) сметаат дека образовниот систем **несоодветно го гради разбирањето на учениците за постоењето повеќе различни погледи на историјата**. Овие перцепции се споделени меѓу граѓаните од сите етнички припадности.

49,7 % од граѓаните одговориле дека училиштата се простор со јасно или главно **изразен етнички идентитет**, а 38 % сметаат дека се простор кој е неутрален. Етничките Македонци почесто го перципираат училиштето во нивната околина како неутрално (44,4 %), отколку како простор со јасен и главно изразен етнички идентитет (43,8 %). Од друга страна, мнозинството

етнички Албанци (67,5 %) го перципираат училиштето во нивната околина како простор со јасен и главно изразен етнички идентитет.

Перцепцијата за **застрашување ученици поради нивната етничка припадност** е дека никогаш нема застрашување (44,2 %), дека тоа повремено се случува смета секој трет граѓанин (34 %) и често (11,2 %). Почесто застрашување ученици поради нивната етничка припадност перципираат Ромите (33,6 % понекогаш, 31,6 % често).

Граѓаните перципираат позитивен ефект (77,8 %) на училиштата/ образованието врз меѓуетничките односи, додека јавните/ информираните личности мислат дека има негативен ефект (48 %). Погоренаведените заклучоци повеќе се аргумент за негативни ефекти на училиштата/ образованието врз меѓуетничките односи.

### Медиумите значајни, но дали не се носат со улогата?

Медиумите се од големо значење за меѓуетничките односи, бидејќи граѓаните информациите за другите етнички заедници најчесто (48,2 %) ги добиваат од медиумите. Од друга страна, поделено е мислењето за нивниот ефект врз меѓуетничките односи: 52,6 % го сметаат за позитивен, а 45,1 % го сметаат за негативен.

Во однос на потребата од повеќе **двојазични или повеќејазични програми и други мултикултурни содржини на медиумите**, граѓаните се поделени: 48,5 % сметаат дека нема потреба и 47 % сметаат дека постои таква потреба. Поддршката за повеќе мултикултурни содржини во медиумите е најголема меѓу етничките Бошњаци (91,5 %), а најмала меѓу етничките Македонци (30,6 %). Висока поддршка постои и меѓу јавните/ информираните личности (91 %). Мнозинството граѓани од полошкиот регион (61,1 %), од југозападниот (55,6 %), од скопскиот (53 %) и од североисточниот (51 %) поддржуваат повеќе мултикултурни содржини во медиумите, а поддршката е најмала во југоисточниот регион (22 %).

Мнозинството граѓани (50,7 %) сметаат дека сателитските/ кабелските телевизии и интернетот **на јазиците на немнозинските заедници емитувани од странски** (соседни земји) го подобруваат информирањето на мајчин јазик. Секој петти граѓанин (19,9 %) смета дека следењето странски програми ја зголемува дистанцата меѓу етничките Македонци и немнозинските заедници.

Во однос на **влијанието на социјалните медиуми врз меѓуетничките о**дноси, поделен е ставот за нивното позитивно (42,7 %) или негативно влијание (45,9 %).

### Посакувана мултикултура во политичките партии, но неа ја нема таму

Мнозинство граѓани (65,7 %), од сите етнички припадности, сметаат дека **политичките партии треба да бидат мултикултурни**. Овој став е во контрадикторност со ставот дека 61,7 % од граѓаните не би гласале за кандидат од друга етничка група.

Мнозинството граѓани (63,6 %) сметаат дека мултикултурноста не е одразена во програмите и раководствата на политичките партии и големо мнозинство граѓани (72,8 %) смета дека политичките лидери не се пример за мултикултура. Таквата перцепција е споделена меѓу граѓаните од сите етнички групи и меѓу симпатизерите на сите политички партии. Највисока перцепција од 41 % за мултикултурноста на политичките партии имаат Ромите.

### Позитивен ефект на граѓанското општество

Големо мнозинство (75,5 %) граѓани мисли дека граѓанското општество има позитивен ефект на меѓуетничките односи. Во однос на желбата од личен ангажман за подобрување на мултикултурата, лично би се ангажирале 66,3 % од граѓаните, а не би се ангажирале 26,9 % од граѓаните.

### Прифатливост на мешање на работно место

Во однос на прифатливоста на **работа во етнички мешана средина**, тоа е прифатливо за големо мнозинство (71,5 %) од граѓаните. Работа во етнички мешана средина е прифатлива за граѓаните од сите етнички припадности, а најприфатлива за помалобројните заедници. Најприфатлива е работата во етнички мешани средини за граѓаните во скопскиот регион (76 %), а најмалку прифатлива во југоисточниот регион (45,7 %). Тоа е потврдено и со ставот дека 68,4 % од граѓаните не би избегнале барање работа во подрачје со главно друга етничка

припадност. И на мнозинството граѓани (59,9 %) им е прифатливо да работат под раководство на лице од друга етничка припадност.

Повеќе граѓани (41,3 %) го перципираат работниот простор како неутрален, отколку граѓани (34,8 %) кои го перципираат како простор со јасно и главно изразен етнички идентитет. Од сите етнички припадности, само мнозинството (61,6 %) етнички Албанци го перципираат работниот простор како простор со изразен етнички идентитет.

## Прилог. Структура на примерокот

Примерокот за теренската анкета опфати 2.087 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 58,6 |
| Жена | 41,4 |
| **Возраст** | **%** |
| Од 18 до 29 години | 30,7 |
| Од 30 до 39 години | 24,5 |
| Од 40 до 49 години | 20,0 |
| Од 50 до 65 години | 18,5 |
| Над 65 години | 6,4 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонска | 64,6 |
| Албанска | 25,5 |
| Турска | 3,9 |
| Ромска | 2,7 |
| Српска | 1,8 |
| Влашка | 0,5 |
| Бошњачка | 0,8 |
| Друго | 0,2 |
| **Припадност на религија** | **%** |
| Православна | 63,2 |
| Исламска | 33,6 |
| Католичка | 0,3 |
| Евреин | 0,0 |
| Атеист | 2,5 |
| Друга | 0,5 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 16,7 |
| Вработен во приватен сектор | 33,6 |
| Земјоделец | 3,3 |
| Студент | 13,0 |
| Домаќинка | 4,7 |
| Невработен | 19,4 |
| Пензионер | 9,2 |
| Не знам/ без одговор | 0,1 |

| Социјален статус (самоперцепција) | % |
|---|---|
| Висока класа | 6,9 |
| Повисока средна класа | 25,9 |
| Пониска средна класа | 39,5 |
| Работничка класа | 20,7 |
| Пониска класа | 7,0 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 1,5 |
| Основно | 10,2 |
| Средно | 52,8 |
| Вишо/ високо | 35,5 |
| **Место на живеење** | **%** |
| Село | 30,0 |
| Помал град | 21,7 |
| Поголем град | 25,5 |
| Скопје | 22,8 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 17,0 |
| СДСМ | 13,2 |
| ДУИ | 5,7 |
| ДПА | 2,6 |
| Други | 11,1 |
| Не сум симпатизер на ниту една | 17,3 |
| Не знам/ без одговор | 33,1 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 28,8 |
| Југоисточен | 6,1 |
| Источен | 12,8 |
| Североисточен | 7,2 |
| Вардарски | 6,2 |
| Југозападен | 13,2 |
| Полошки | 15,2 |
| Пелагониски | 10,4 |

Примерокот за он-лајн анкетата опфати 24 јавни / информирани личности.

| Етничка припадност | % |
|---|---|
| Македонска | 52 |
| Албанска | 35 |
| Турска | 4 |
| Ромска | 0 |
| Српска | 0 |
| Влашка | 0 |
| Бошњачка | 0 |
| Друго | 9 |

| Сектор | % |
|---|---|
| Собрание | 4 |
| Државни службеници | 13 |
| Правосудство | 0 |
| Локална самоуправа | 4 |
| Приватен | 4 |
| Медиуми | 9 |
| Организации на граѓанско општество | 35 |
| Меѓ. институции во Македонија | 17 |
| Универзитет | 13 |